# СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**ЗА**

# УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДБИ СО НАМЕНА Г1-ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА И ТЕШКА И ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА (Г1.4-ТЕШКА ГРАДЕЖНА ИНДУСТРИЈА И ПРОИЗВОДСТВО НА НЕМЕТАЛИ), КО ЗГРОПОЛЦИ, ОПШТИНА ГРАДСКО

*Ф И Н А Л Е Н   И З В Е Ш Т А Ј*

Јануари, 2025 година

Enviro resources
CONSULTING COMPANY
www.enviroresources.com.mk
Лондонска бр.19, ТЦ Тафталиџе 1/спрат 3 лок.1 и 2, Скопје
тел/фак: 26138-360

Со цел навремено да се согледаат можните влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето, како и социо - економските аспекти од реализација на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1-Производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија (Г1.4-Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, општина Градско, согласно член 65, став 2 од Законот за животна средина („Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), се наложи потребата за спроведување на Стратегиска оцена на животната средина.

Извештајот за Стратегиска оцена е потпишан од Експерт за Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина (видено од Копија на потврда, дадено во прилог).

Во подготовката на Извештајот за Стратегиска оцена на влијание врз животната средина учествуваа:

Емил Стојановски, дипл. инж. по заштита на животна средина,

Љупчо Аврамовски, дипл. економист.

Горенаведениот извештај за стратегиска оцена на животната средина согласно член 66 став (5) од Законот за животна средина е потпишан од лице кое е вклучено во листата на експерти за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина која ја води Министерствотото за животна средина и просторно планирање. Како доказ за истото во прилог на извештајот е дадена копија на Уверение со број 12-4226/3 од 21.06.2022 година дадена од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Енвиро Ресурси, ДОО Скопје
Управител

____________________
Емил Стојановски

Enviro resources
CONSULTING COMPANY

www.enviroresources.com.mk

Лондонска бр.19, ТЦ Тафталиџе 1/спрат 3 лок.1 и 2, Скопје
тел/фак: 26138-360

Имајќи предвид потребата од изработка на Извештај за стратегиска оцена врз животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1-Производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија (Г1.4-Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, општина Градско како и одредбите од Законот за животна средина донесувам:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За определување на експерт за изработка на Извештај за стратегиска оцена на животната средина

Емил Стојановски, дипломиран инженер, се определува за овластен Експерт за изработка на стратегиска оцена на животна средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1-Производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија (Г1.4-Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, општина Градско.

Образложение:

Емил Стојановски, дипломиран инженер, ги исполнува условите пропишани со член 23 став (3), член 72 став (2) и (3) од измените и дополнувањето на Законот за животна средина на („Сл. Весник на РСМ" бр. 89/22) и се стекна со правото да биде вклучен во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Енвиро Ресурси, ДОО Скопје
Управител

__________________
Емил Стојановски

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број 12-4226/3
Датум: 21-06-2022 година

# УВЕРЕНИЕ

за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

**Стојановски Душан Емил** роден на 01.03.1975 година во Скопје, дипломирал на ден 13.09.2007 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје на Машински факултет, го положи **стручниот испит за стратегиска оцена на животната средина** на ден 26.12.2012 година, се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина,** ги исполнува условите утврдени во член 23 став (3), член 72 став (1), а во врска со член 27 став (2) и (3) од измените и дополнувањето на Законот за животна средина („Службен весник на РСМ" бр. 89/22), и се стекна со правото да биде вклучена во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Министерство за животна средина и
просторно планирање

Министер
**Naser Nuredini**

М.П.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број 12-4349/2
Датум: 21-06-2022 година

# УВЕРЕНИЕ

**за положен стручен испит за стекнување на статус експерт за стратегиска оцена на животната средина**

**Аврамовски Методиа Љупчо** роден на 01.03.1953 година во Скопје, дипломирал на ден 22.06.1977 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје на Економски факултет, го положи **стручниот испит за стратегиска оцена на животната средина** на ден 30.12.2010 година, се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина,** ги исполнува условите утврдени во член 23 став (3), член 72 став (1), а во врска со член 27 став (2) и (3) од измените и дополнувањето на Законот за животна средина („Службен весник на РСМ" бр. 89/22), и се стекна со правото да биде вклучена во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Министерство за животна средина и
просторно планирање

Министер
**Naser Nuredini**

М.П

**ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0805-50/150020240357886
Датум и време: 14.10.2024 г. 11:26

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 14.10.2024 во 11:27
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 07.11.2024
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

**/Електронски издаден документ/**

## ТЕКОВНА СОСТОЈБА

| ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 6068448 |
| **Целосен назив:** | Консултантско друштво ЕНВИРО РЕСУРСИ ДОО Скопје |
| **Кратко име:** | ЕНВИРО РЕСУРСИ ДОО Скопје |
| **Седиште:** | ЛОНДОНСКА бр.19 ТЦ-Тафталиџе/с3 лок1и2 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ |
| **Вид на субјект на упис:** | ДОО |
| **Датум на основање:** | 27.1.2006 г. |
| **Деловен статус:** | Активен |
| ***Вид на сопственост:** | Приватна |
| **ЕДБ:** | 4030006576746 |
| **Потекло на капиталот:** | Домашен |
| **Големина на субјектот:** | мал |
| **Организационен облик:** | 05.3 - друштво со ограничена одговорност |
| **Надлежен регистар:** | Трговски Регистар |

| ОСНОВНА ГЛАВНИНА | |
|---|---|
| **Паричен влог MKD:** | 0,00 |
| **Непаричен влог MKD:** | 419.900,00 |
| **Уплатен дел MKD:** | 419.900,00 |
| **Вкупно основна главнина MKD:** | 419.900,00 |



Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/088AFE5EA3ED446598EF2B3A9E8414A438347B8639075276131CC65EAEC0B89A

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.*

## СОПСТВЕНИЦИ

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 0103953450198 |
| **Име и презиме/Назив:** | ЉУПЧО АВРАМОВСКИ |
| **Адреса:** | ВАСИЛ ЃОРГОВ бр.20-1/40 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ |
| **Тип на сопственик:** | Содружник |
| **Паричен влог MKD:** | 0,00 |
| **Непаричен влог MKD:** | 214.100,00 |
| **Уплатен дел MKD:** | 214.100,00 |
| **Вкупен влог MKD:** | 214.100,00 |

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 0103975450043 |
| **Име и презиме/Назив:** | ЕМИЛ СТОЈАНОВСКИ |
| **Адреса:** | БУЛ.КОЧО РАЦИН бр.10/44 СКОПЈЕ, ЦЕНТАР |
| **Тип на сопственик:** | Содружник |
| **Паричен влог MKD:** | 0,00 |
| **Непаричен влог MKD:** | 205.800,00 |
| **Уплатен дел MKD:** | 205.800,00 |
| **Вкупен влог MKD:** | 205.800,00 |

## ДЕЈНОСТИ

| | |
|---|---|
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:** | 74.90 - Останати стручни, научни и технички дејности, неспомнати на друго место |
| **ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС** | |
| **Евидентирани се дејности во надворешниот промет** | |
| **Други дејности:** | Надворешна трговија со прехранбени производи и непрехранбени производи<br>Изведување на градежни работи во странство<br>Посредување и застапување во меѓународниот промет на стоки и услуги<br>Консигнациона продажба<br>Реекспорт<br>Деловни и менаџмент консултантски активности во меѓународниот промет |

## ОВЛАСТУВАЊА

**Управител**

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ:** | 0103975450043 |
| **Име и презиме:** | ЕМИЛ СТОЈАНОВСКИ |
| **Адреса:** | БУЛЕВАР КОЧО РАЦИН бр.10/44 СКОПЈЕ, ЦЕНТАР |
| **Овластувања:** | Управител - Дипломиран инженер по заштита на животна средина |



Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/088AFE5EA3ED446598EF2B3A9E8414A438347B8639075276131CC65EAEC0B89A

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.*

| | |
|---|---|
| **Тип на овластување:** | Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет |
| **Ограничувања:** | * |
| **Овластено лице:** | Управител |

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **КОНТАКТ** | |
| **E-mail:** | contact@enviroresources.com.mk |

**Напомена:**
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.



Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/088AFE5EA3ED446598EF2B3A9E8414A438347B8639075276131CC65EAEC0B89A
*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.*

# Содржина:


| | | |
|---|---|---|
| | Вовед ........................................................................................ | 11 |
| 1. | Цели на Планскиот документ ................................................. | 14 |
| 1.1 | Цели на заштита на животната средина .............................. | 18 |
| 1.2 | Специфични цели на Стратегиската оцена .......................... | 20 |
| 1.3 | Употребена методологија ...................................................... | 22 |
| 1.4 | Законодавна рамка ................................................................. | 23 |
| 1.5 | Институционална рамка ........................................................ | 25 |
| 1.6 | Содржина на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина ................................................................... | 26 |
| 1.7 | Резиме ....................................................................................... | 27 |
| 2. | Преглед на планскиот документ ........................................... | 29 |
| 2.1 | Основи на Планскиот документ ............................................ | 29 |
| 2.2 | Плански опфат ........................................................................ | 31 |
| 2.2.1 | Географска и геодетска местоположба ............................... | 31 |
| 2.2.2 | Намена на употреба на земјиштето ........................... ......... | 32 |
| 3. | Краток опис и образложение на планските решенија за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура...... | 39 |
| 3.1 | Сообраќајно поврзување ........................................................ | 39 |
| 3.2 | Комунална инфраструктура .................................................. | 40 |
| 4. | Карактеристики на просторот и сегашна состојба со животната средина .................................................................. | 47 |
| 4.1 | Карактеристики на просторот .............................................. | 47 |
| 4.1.1 | Геолошки карактеристики .................................................... | 47 |
| 4.1.2 | Хидролошки карактеристики ................................................ | 48 |
| 4.1.3 | Климатски и микроклиматски услови на регионот ........... | 48 |
| 4.1.4 | Демографски карактеристики .............................................. | 48 |
| 4.1.5 | Сообраќајна поврзаност ........................................................ | 49 |
| 4.1.6 | Електроенергетска и ПТТ инфраструктура ....................... | 50 |
| 4.1.7 | Хидротехничка инфраструктура .......................................... | 50 |
| 4.1.8 | Природно и културно наследство ........................................ | 50 |
| 4.2 | Опис на сегашната состојба со животна средина во планскиот опфат ..................................................................... | 51 |
| 4.3 | Сегашна состојба со животната средина во и околу планскиот опфат ..................................................................... | 54 |
| 5. | Состојба без имплементација на планскиот документ ....... | 56 |
| 6. | Алтернативи и чинители за избор на алтернатива ............ | 57 |
| 7. | Претпоставени влијанија врз медиумите на животната средина ...................................................................................... | 59 |
| 8. | Мерки за заштита, намалување и неутрализирање на значајните влијанија врз животната средина од имплементација на планскиот документ .............................. | 66 |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | План на мерки за мониторинг на животната средина ......... | 81 |
| 10. | Нетехничко резиме ...................................................................... | 83 |
| 11. | Прилози ............................................................................................ | 98 |
| | Додаток ............................................................................................. | 100 |
| | Користена литература ................................................................. | 118 |

# Вовед

Предметниот проектен опфат ќе се разработува за група на градби, инфраструктура, опрема и партер вон населено место за кои не постојат услови и економска оправданост за донесување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење, а врз основа на член 47, став 5 од Правилникот заурбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 225/20, 219/21, 104/22, 219/21 и 104/22). Соодветно на тоа, истиот ќе се уредува и планира со изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план.

Со самото реализирање на оваа планска задача се добиваат податоци за почвата, воздухот, водата, климатските фактори, населението, здравјето на луѓето, материјалните добра и др. и се создаваат услови за изнаоѓање на причините врз основа на која се одбираат алтернативите и се предвидуваат мерки за заштита и намалување на влијанијата. Со идентификацијата на можните проблеми треба да се рационализираат трошоците и да се направи најсоодветен избор на мерките за заштита на животната средина. Резултатот од учеството на јавноста треба да се земе што е можно повеќе.

Цел на Стратегиската оцена е да се интегрира заштитата на животната средина и здравјето на луѓето во процесот на подготвување и донесување на планските документи преку експертска проценка и проценка на јавноста пред донесување на истите.

Подготовката на планскиот документ ги дефинира и јасно ги утврдува основните, а со тек на време и реалните цели и правци во доменот на земјоделството, шумарството, енергетиката, индустријата, туризмот, управување со отпадот, управување со водите, просторното и урбанистичко планирање и користење на земјиштето, како и Националниот акционен план за животна средина и локалните акциони планови за животна средина кои ја налага потребата согласно член 65 од Законот за животна средина од спроведување на Стратегиската оцена на влијанието на овие плански и програмски решенија и цели.

Стратегиската оцена на влијанието на животната средина се состои од неколку фази на планирање:

- проверка;
- определување на опфат;
- основни податоци на животната средина;
- оцена;
- подготовка на извештајот за животна средина;
- консултација со засегнатата јавност;
- прифаќање на стратегијата и
- мониторинг.

При определување на обемот и деталноста на информациите во Извештајот за животна средина, Министерството за транспорт е должно да побара мислење од органите кои се засегнати од планскиот документ. Исто така, според Архуската Конвенција и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од

областа на животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 147/08 и 45/11) член 8, надлежниот орган е должен да го вклучи учеството на јавноста преку:

- ќе треба да се утврди динамиката и роковите што ќе бидат реални за ефикасно учество на засегнатата јавност;
- нацрт-правилата ќе треба да бидат јавно расположливи, и
- на јавноста ќе треба да и се овозможи да даде коментар.

**Постапка за утврдување на неопходност од спроведување на стратегиска оцена (СЕА) за плански документ кој го подготвува локалната управа (Screening)**




Министерството за животна средина и просторно планирање јасно ги дефинира основните, а со време и остварливите цели и правци на развојот, особено во поглед на неопходните квалитативни структурни промени и за нив релевантни и адаптибилни решенија и опции. Непосредната поврзаност и меѓусебната условеност помеѓу планскиот опфат и влијанието на животната средина наметнува едновремен, интегрален третман на просторот и дефинирање на долгорочна стратегија за уредување, опремување и користење на просторот и ефикасна заштита на животната средина, природата и културно-историското наследство во регионот.

Посебно внимание е посветено на карактеристиките на користење на земјиштето. Правната и административна рамка, која ги опфаќа основните закони, стратешки планови и стандарди на животната средина, како и процедурите за Стратегиска оцена на животна средина обработени се во посебно поглавје од овој Извештај.

Анализата на алтернативите кои се опфатени со овој извештај укажува на потребата од неминовно спроведување на Стратегиската оцена на

влијанието врз животната средина во процесот на планирање заради правилна и поефикасна избрана алтернатива. Очекуваните резултати врз животната средина, препораките и мерките за намалување на влијанијата, како и планот за мониторинг се прикажани и објаснети во посебни сегменти од овој Извештај.

# 1. Цели на Планскиот документ

Развојот и просторната разместеност на индустријата, инфраструктурата и комуналната супраструктура претставува значаен фактор и движечка сила за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на овие дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Развојот на индустријата и комуналната супраструктура по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети. Реализацијата на овој урбанистички проект ќе оствари удел во развојот на економските активности во локалната и национална економија. Меѓутоа, појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развитокот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.

Индустријата и инфраструктурните активности се водечки стопански дејности и двигател на развојот на вкупната економија и имаат значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на одржлив развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на производните капацитети засновани на принципите на еколошка заштита.

Сите активности во просторот треба да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- мрежата на инфраструктура;
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Поволната поставеност на опфатот, во однос на општина Градско со постојните инфрастуктурни системи, овозможува одржлив развој на стопанството за вакви и слични намени. Во поглед на заштита треба да се почитува се она што значи стандард кој е зацртан генерално за населбите во најблиска околина. Со валоризацијата на овој простор ќе се зголеми неговата социјална и економска оправданост.

Проектниот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1 - Производство на енергија и тешка загадувачка индустрија (Г1.4 - Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, Општина Градско, зафаќа површина од 102052м$^2$ (10,2 ха) и неговата местоположба е ограничена на површината на катастарските парцели на дел од КП 55/1 и дел од КП 54/2, КО Згрополци, Општина Градско.

Проектниот опфат кој е предмет на уредување со урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1 - производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија (Г1.4 - тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, општина Градско, во рамки на земјиште кое е во државна сопственост и зафаќа површина од приближно 10,2 ха.

Во близина на планскиот опфат е застапена сообраќајна инфраструктура, односно покрај проектниот опфат поминува регионалниот пат Р1102 (Р-103). Согласно податоците и информациите добиени од Јавното претпријатие за државни патишта, бр. 10-7962/2 од 30.07.2024 година, констатирано е дека покрај приложениот проектен опфат поминува регионалниот пат Р1102 (Р-103), за кој во плановите на Јавното претпријатие за државни патишта не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса.

Согласно податоци и информации добиени од Министерство за култура - Управа за заштита на културно наследство, допис бр. 17-2557/2 од 09.08.2024 година, констатирано е дека на подрачјето на предметниот проектен опфат пронајдени се повеќе археолошки остатоци, воедно на подрачјето лежи археолошкиот локалитет Керамидница (населба од римско време) со ЕМБ 4-831-032/385 Е НД - добро за кое основано се претпоставува дека претставува културно наследство. Дополнително е наведено да се контактира НУ Национален конзерваторски центар - Скопје како надлежна установа за заштита на културното наследство да извршат увид во границите на предметниот проектен опфат и да се произнесат со стручно мислење. Потребните податоци од аспект на заштита на културното наследство во врска со член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Сл.

Весник на РМ” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) е потребно да се вградат во планската документација.

Согласно погоре наведеното, според податоци и информации добиени од НУ Национален конзерваторски центар - Скопје, допис бр. 08-359/3 од 09.10.2024 година, констатирано е дека археолошкиот локалитет Керамидница се наоѓа надвор од границите на проектниот опфат и истите не загрозуваат позиции со археолошка содржина.

Со писмен допис бр. 03-97/3 од 15.07.2024 година и 03-97/8 од 16.08.2024 година, побарани се податоци и информации од ЈП Водовод и канализација и не е добиен повратен одговор.

Со писмен допис бр. 03-97/3 од 15.07.2024 година и 03-97/8 од 16.08.2024 година, побарани се податоци и информации од ЈКП Клепа - Градско и не е добиен повратен одговор.

Согласно известувањето од АД Водостопанство на РМ Скопје бр. 11-1674/3 од 16.09.2024 година и бр. 11-1676/3 од 16.09.2024 година, во рамките на предметниот проектен опфат институцијата нема свои објекти и инфраструктура.

Согласно податоците и информациите добиени од Номагас АД Скопје, бр. 09-3628/2 од 16.07.2024 година, на предвидениот проектен опфат нема изградено ниту планирано гасоводна мрежа.

Согласно податоците и информациите добиени од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, бр. 10-23/6-276 од 22.08.2024 година, наведено е дека во рамки на предметниот проектниот опфат има постојна инфраструктура, и тоа:

- постоен 10(20)кВ столб;
- постојна 10(20)кВ надземна мрежа.

Согласно известување од АД Мепсо, бр. 11-4782/1 од 17.07.2024 година, наведено е дека предметниот проектен опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД Мепсо.

Согласно известувањето од АД Електрани на Северна Македонија-Скопје, бр. 08-4557/1 од 23.07.2024 година, наведено е дека во близина на предметниот проектен опфат, согласно Префизибилити студијата за Вардарска долина, изработена од 2017 година, се планирни идните локации на ХЕЦ Згрополци 1, ХЕЦ Згрополци 2 и ХЕЦ Градско 1.

Согласно податоците и информациите добиени од Македонски Телеком АД-Скопје, бр. 63634 од 15.07.2024 година, во границите на проектниот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Согласно податоците и информациите добиени од Агенција за електронски комуникации, бр. 1404-2368/3 од 17.09.2024 година, на посочената локација институцијата нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Согласно податоците и информациите добиени од А1 Македонија ДООЕЛ Скопје бр. 11-4495/1 од 16.07.2024 година, во предметното подрачје претпријатието има постојни подземни инсталации, и тоа:

- подземен кабел;

- оптички кабел;
- ров.

Согласно податоците и информациите добиени од Одделот за информатика и телекомуникации, Сектор за телекомуникации при Министерство за внатрешни работи бр. 11.2.83000/2 од 05.09.2024 година и бр. 11.2.91974/2 од 05.09.2024 година, на посочената локација постојат инсталации во надлежност на министерството.

Согласно податоците и информациите добиени од Јавното претпријатие за железничка инфраструктура - Железници на Република Северна Македонија - Скопје, бр. 2001-3291/2 од 30.07.2024 година, констатирано е дека предметниот проектен опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничка пруга, на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на институцијата.

Со писмен допис бр. 03-97/3 од 15.07.2024 година и 03-97/8 од 16.08.2024 година, побарани се податоци и информации од Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за природа и добиен е повратен одговор бр. 11-5721/4 од 26.09.2024 година, во кој е констатирано дека просторот на предметната локација се наоѓа надвор од границите на заштитените подрачја, идентификувани Емералд и НАТУРА 2000 подрачја.

<table>
<tr><th colspan="12">НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ – ПОСТОЈНА СОСТОЈБА</th></tr>
<tr><th colspan="7">УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДБИ СО НАМЕНА Г1 – ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА И ТЕШКА И ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА (Г1.4 - ТЕШКА ГРАДЕЖНА ИНДУСТРИЈА И ПРОИЗВОДСТВО НА НЕМЕТАЛИ), КО ЗГРОПОЛЦИ, ОПШТИНА ГРАДСКО</th><th colspan="5">ПРОЕКТЕН ОПФАТ_П=10.2ха</th></tr>
<tr><th>Број на катастарска Парцела</th><th>Број на градба</th><th>Класа на намена</th><th>Намена</th><th>Состојба</th><th>Тип на градба</th><th>Катност</th><th>Површина на катастарска Парцела (м²)</th><th>Површина под намена (м²)</th><th>Изградена површина (м²)</th><th>Бруто развиена Површина (м²)</th><th>Процент на изграденост (%)</th></tr>
<tr><td rowspan="2">дел од 54/2</td><td>/</td><td>Е1</td><td>улица</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td rowspan="2">964</td><td>497</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td></tr>
<tr><td>/</td><td>Д2</td><td>заштитно зеленило</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>467</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="7">дел од 55/1</td><td>/</td><td>Д2</td><td>заштитно зеленило</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td rowspan="7">101088</td><td>55</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td></tr>
<tr><td>/</td><td>/</td><td>нива</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>99778</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td></tr>
<tr><td>/</td><td>/</td><td>земјен пат</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>1087</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td></tr>
<tr><td>1</td><td>Г4</td><td>помоштен објект</td><td>средна</td><td>скелетен</td><td>П</td><td rowspan="4">168</td><td>18</td><td>18</td><td>0</td></tr>
<tr><td>2</td><td>Г4</td><td>помоштен објект</td><td>средна</td><td>скелетен</td><td>П</td><td>100</td><td>100</td><td>0</td></tr>
<tr><td>3</td><td>Г4</td><td>помоштен објект</td><td>средна</td><td>скелетен</td><td>П</td><td>17</td><td>17</td><td>0</td></tr>
<tr><td>4</td><td>Г4</td><td>помоштен објект</td><td>средна</td><td>скелетен</td><td>П</td><td>33</td><td>33</td><td>0</td></tr>
<tr><td colspan="7">Вкупно</td><td>102052</td><td>102052</td><td>168</td><td>168</td><td>0</td></tr>
</table>

| БИЛАНСНИ ПОДАТОЦИ НА ГРАДБИТЕ И ЗЕМЈИШТЕТО | | | |
|---|---|---|---|
| Ознака | ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНИ / ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА | Површина (ха) | Процент (%) |
| Г | РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА | 0,02 | 0,16 |
| Г4 – Стоваришта, складови и отпади | | | |
| Е | ИНФРАСТРУКТУРА | 0,05 | 0,49 |
| Е1 - Комунална инфраструктура - Сообраќајна инфраструктура | | | |
| Д | ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ | 0,05 | 0,51 |
| Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило | | | |
| | ЗЕМЈЕН ПАТ | 0,11 | 1,07 |
| | ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ | 9,98 | 97,77 |
| Ниви, лозја, пасишта | | | |
| | ВКУПНО | 10,21 | 100 |

Урбанистичкиот проект со доследна примена на актуелната законска и подзаконска регулатива, треба да предложи развој што ќе овозможи подобар степен на искористеност на градежното земјиште и можност за планирање на просторот (организација, уредување и изградба на објекти).

## 1.1 Цели на заштита на животната средина

Заштитата на животната средина подразбира множество на различни постапки и мерки кои го спречуваат загрозувањето на животната средина. Под заштита на животната средина се подразбира не само заштита на човекот туку и заштита на билната вегетација и животинскиот свет. Целите на заштитата на животната средина се заштита на здравјето на луѓето, квалитетот на екосистемите, заштита на растителниот и животинскиот свет и културни добра чиј творец е човекот, зачувување на рамнотежата и еколошката стабилност на природата, рационално и адекватно користење на природните ресурси.

Декларацијата за животната средина е донесена на Светската конференција на Обединетите држави во 1972 година. Стокхолмската конференција за човековата средина, одржана 1972 година ја разбудила свеста и го означила почетокот на еколошката ера и истовремено ја иницирала Париската конвенција на Претседатели на Држави и Влади на земјите од Европската економска заедница, одржана истата година. Во усвоената декларација како основна цел на еколошкиот развој се наведува смалување на ризикот во поглед на условите на живот, подобрување на квалитетот на живеење и да се во остварување на овие цели посебно внимание обрати на заштитата на животната средина. Според тоа, Европското законодавство кое го има усвоено Советот на Европските економски заедници се нагласи гаранцијата на правото на секој граѓанин на чиста и здрава животна средина.

Во текот на 1992 година во сила стапи Базелската Конвенција, чија што цел е смалување на супстанциите одредени како опасен отпад. Во Мај 2004 година стапи во сила и Стокхолмската конвенција за перзистентни

органски загадувачи, со кои ги дефинира 12 екстремно отровни органски загадувачи, барајќи нивна редукција или нивно целосно елиминирање.

Меѓународната правна заштита на животната средина се сведува во најголем дел на меѓународно - правна акција против загадувањето. Сепак, меѓународната регулатива во областа на животната средина сеуште не достигнала на ниво кој би овозможил мирен живот на сите живи суштества на нашата планета. Се донесуваат разни протоколи, конвенции, декларации и др.

Република Македонија, во рамките на евроинтеграциските процеси во животната средина има потпишано голем број на меѓународни конвенции, билатерални договори и протоколи и кои заедно со националните прописи ја сочинуваат правната рамка која го уредуваат управувањето со медиумите на животната средина. Во процесот на апроксимацијата на ЕУ законодавство од областа на животната средина преку транспонирање на ЕУ законодавството Република Македонија ги има донесено следните закони:

- Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 89/22 и 171/22);
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ” бр. 100/12 (пречистен текст), 163/13, 10/15 и 146/15) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 151/21);
- Закон за управување со отпадот („Сл. Весник на РСМ” бр. 216/21);
- Закон за заштита од бучавата во животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15 и 63/16) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 151/21);
- Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ” бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 63/16 и 113/18) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 151/21) и др.

Процесот на усогласување со законодавството на ЕУ и во сегашно време е во тек, посебно во техничките барања дадени во анексите на ЕУ Директивите. Листата на релевантни закони и релевантни ЕУ Директиви и меѓународни договори се дадени во точката 11 од овој Извештај. Сите обврски што произлегуваат од овие законски и национални стратешки документи, беа анализирани и земени во предвид при дефинирање на основните цели за заштита на животната средина во планскиот опфат при изготвување на овој Извештај.

Како генерални цели утврдени по овие значајни основи се следните:

- Обезбедување на превентивни мерки на заштита на водните ресурси-подземните води од можните загадувачки емисии на материи од реализирање на планскиот опфат;
- Искористување на обновливите извори на енергија - како чиста енергија, преку имплементирање на концептот почиста средина;
- Воспоставување на перманентен мониторинг на квалитетот на водата, почвата и воздухот;
- Збогатување на шумскиот фонд преку засадување на појас од соодветни дрвни растенија;

- Сочувување на постојниот биодиверзитет и елиминирање на можните контаминации на истиот и негово исчезнување;
- Воспоставување на перманентна соработка во следењето на состојбите во областа на квалитетот на водата, почвата и другите медиуми во животната средина од страна на локалните и Републичките здраствени институции од аспект на сочувување на здравјето на населението;
- Вклучување на јавноста во процесот на мониторирање на состојбите и донесување на одлуки за медиумите во животната средина;
- Воспоставување на база на податоци за состојбата во секој медиум во животната средина на локално и регионално ниво.

Во овој процес се предлага поцелосно имплементирање на горе наведените цели преку реализирање систем на предлог мерки за заштита, одбегнување, намалување, неутрализирање или компензација на негативните влијанија од реализација на предвидените содржини согласно урбанистичкиот план. За таа цел во понатамошниот текст на содржината на овој документ се предлагаат:

⇒ Технички мерки кои треба да се превземат за време на спроведување на планот;

⇒ Препораки за подготвување, донесување и дополнување на плановите и програмите во рамките на спроведувањето на законските обврски во животната средина.

## 1.2 Специфични цели на Стратегиската оцена

Специфичните цели на Стратегиската оцена на животната средина се дефинирани согласно националната и меѓународна легислатива и се прикажани преку статусот на биолошка разновидност, населението, здравјето на луѓето, материјалните добра, културното наследство и пределот:

- Заштита на животната средина со имплементација на планскиот документ;
- Подобрување на економските услови и зголемување на животниот стандард;
- Правилно управување со просторот заради одржување на постојаното ниво на флора и фауна;
- Обезбедување на заштитни зелени појаси и формирање на хортикултурни насади од аспект на појава на зголемена бучава и вибрации;
- Подобрување на квалитетот на воздухот;
- Зачувување на квалитетот на водата;
- Интегрално управување со отпадот и негова селекција за зачувување на почвата, а со тоа и минимизирање на отпадот;
- Минимизирање на појавите од несреќи и хаварии;
- Зачувување на карактеристиките на пределот и животната средина.

Планскиот опфат е усогласен уште со:

- Програма за развој на Вардарски регион;
- Национална стратегија за одржлив развој, 2010-2030;

- Втор Национален извештај за климатски промени, 2008;
- Стратегија за управување со податоци за животната средина, 2005;
- Стратегија и акционен план за имплементација на Архуската конвенција, 2005.

*Врска со други плански документи:*

**Просторен план на РМ**

- Уважување на реалните фактори на развој;
- Превземање стимулативни мерки од страна на државните и други видови поддршка за програми на локалните заедници и стопанските актери;
- Воспоставување на пазарни принципи и формирање соодветна институционална рамка во која ќе можат да функционираат пазарните институции;
- Создавање на регионален диференциран амбиент за стопанисување со помош на соодветна политика.

**Национален еколошки акционен план:**

- Да се овозможи интегрирање на политиката за заштита на животна средина во останатите секторски политики;
- Да се поттикнат индустријата, давателите на услуги и другите субјекти во областа на животната средина кон поголема одговорност за заштитата на животната средина;
- Да се дадат насоки за еколошки одржлив пристап;
- Да се зголеми степенот на исполнување на обврските од регионалните и глобалните договори во областа на животната средина.

Во подготовката на извештајот земени се предвид целите на заштита на животната средина одредени на национално и меѓународно ниво, а кои се релевантни за планскиот документ. Генералните цели за заштита на животната средина земени во предвид при подготовката на урбанистичкиот план, односно што се очекува да се постигнат со мерките за избегнување, ублажување и/или компензација на потенцијалните влијанија предложени во овој извештај:

- Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- Заштита на квалитетот на амбиентниот воздух, избегнување, спречување или намалување на штетни емисии во воздухот;
- Достапност до доволни количества квалитетна вода, заштита, зачувување и постојано подобрување на расположливите водни ресурси, спречување или намалување на штетни испуштања, одведувањето и третман на комуналните отпадни води, од страна на самите субјекти;
- Избегнување и намалување на создадениот отпад, негово повторно искористување, отстранување на прифатлив начин;

- Рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот;
- Рационално користење и заштита на земјоделското земјиште;
- Рационално и одржливо користење на природните ресурси;
- Користење на обновливи извори на енергија;
- Зачувување и заштита на растителниот и животинскиот биодиверзитет;
- Избегнување, спречување или намалување на бучавата.

## 1.3 Употребена Методологија

При подготовката на Извештајот за Стратегиска оцена се креираше методологија компатибилна на карактеристиките на просторот опфатен со планскиот документ, планската задача, достапните стратегии и документи.




Постапно се превзедоа следните чекори:

- Се направи првичен увид на сегашните состојби во животната средина во анализираниот плански опфат, неговата околина и пошироко;
- Подетално се проучија содржините што се предвидени да се лоцираат во планскиот опфат, урбанистичкиот проект, намената и категоријата на земјиштето;
- Со изработувачот на планскиот документ се реализира разговор за целите на инвестиционите активности и содржини кои ќе бидат опфатени во просторот;
- Детално се разгледаа техничките решенија предвидени за реализација на проектната задача;
- Дефинирани се целите за заштита на животната средина утврдени во стратешките документи на локално, национално и меѓународно ниво;
- Согледување на можните негативни влијанија по животната средина од реализација на содржините предвидени со урбанистичкиот проект;
- Надминување на евентуалните влијанија по животната средина од реализација на содржините предвидени со урбанистичкиот проект;
- Надминување на евентуалните влијанија или нивно ублажување и за таа цел предлагање на превентивни и корективни мерки;
- Предлагање на систем на перманентен мониторинг на состојбите;
- Вклучување и запознавање на сите заинтересирани страни во процесот на изготвување на документот и утврдување на состојбите во животната средина со реализација на планот.

При изготвување на планскиот документ користена е стручна литература од оваа област, ЕУ Директивите, национални стратешки документи, релевантната законска регулатива, меѓународни договори, просторни и урбанистички плански документи, катастарски скици и други документи релевантни за изработка на документот.

## 1.4 Законодавна рамка

Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1-Производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија (Г1.4-Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, општина Градско е изработен согласно постојната законска регулатива во животната средина и природата во Република Македонија:

**Животна средина**
Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 89/22 и 171/22).

**Стратегиска оцена на животната средина**

1. Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ” бр. 114/07);
2. Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 153/07);
3. Уредба за стратегиите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ” бр. 153/07 и 45/11);
4. Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 147/08 и 45/11);
5. Правилник за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена („Сл. Весник на РМ” бр. 122/11).

**Заштита на природата**
Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ” бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 63/16 и 113/18) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 151/21).

**Амбиентен воздух**
Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ” бр. 100/12-пречистен текст, 163/13, 10/15 и 146/15) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 151/21).

**Закон за урбано зеленило** („Сл. Весник на РМ” бр. 11/18 и 42/20).

**Управување со отпад**
Закон за управување со отпад („Сл. Весник на РСМ” бр. 216/21).

**Заштита од бучава**
Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15 и 63/16) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 151/21).

**Води**
Закон за води („Сл. Весник на РМ” бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 151/21).

**Заштита и спасување**
Закон за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ” бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18).

**Национална стратегија за управување со отпад (2008-2020)**
**Национален план за управување со отпад (2009-2015)**

**Просторно планирање**
Просторен план на Република Македонија („Сл. Весник на РМ” бр. 39/04).

**Закон за просторно и урбанистичко планирање**
Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 32/20).

**Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање** („Сл. Весник на РМ” бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 225/20, 219/21 и 104/22).
**Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови** („Сл. Весник на РМ” бр. 142/15).

## 1.5 Институционална рамка

Законот за органи на управата ги дефинира одговорностите на Министерството за животна средина и просторно планирање, како што следи:

- Подготовка на решение во оние случаи во кои не се согласува со одлуката за спроведување, односно неспроведување на СОВЖС или со определениот обем на СОВЖС во одлуката;
- Подготовка на решение за соодветноста на извештајот на СОВЖС за планскиот документ, и;
- Воспоставување и ажурирање на листата на експерти за СОВЖС.

Органи на државната управа/единиците на локална самоуправа кои ги подготвуваат-усвојуваат планските документи имаат обврска за:

- Подготовка на извештајот за СОВЖС;
- Објавување на информации за отпочнувањето на подготвувањето на планските документи и за учество на јавноста во процесот на консултации;
- Објавување на информации за нацрт планскиот документ кој се подготвува и за предлог извештајот за СОВЖС;
- Подготовка на извештајот од консултацијата со јавноста врз основа на добиените коментари и мислења од јавните консултации;
- Комплетирање на извештајот за СОВЖС и на планските документи со добиени мислења и коментари, и
- Мониторинг на влијанијата од имплементацијата на планскиот документ и во случај на негативни ефекти и информирање на МЖСПП.

Министерството за надворешни работи е одговорно за спроведување на прекугранични консултации за СОВЖС во однос на доставување на известување до соседната држава која може да биде засегната од

подготовката на планскиот документ или кога Република Македонија може да биде засегната од подготовка на плански документ во соседна држава.

**Постапка за утврдување на неопходност од спроведување на стратегиска оцена (СЕА) за плански документ кој го подготвуваат државни органи (Screening)**




Други министерства и државни институции со одредени надлежности на полето на заштита на животната средина се:

- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Министерство за транспорт;
- Републички Завод за здравствена заштита;
- Министерство за здравство;
- Управа за хидрометеролошки работи и
- Единиците на локалната самоуправа.

Постои и Парламентарна комисија за животна средина, која соработува со Министерството за животна средина и просторно планирање.

## 1.6 Содржина на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина

Спроведувањето на Стратегиската оцена на животната средина е интерактивен процес кој треба да се спроведе паралелно со развојот на планот или програмата. Стратегиската оцена на животната средина е процес за да се осигура дека значителен ефект врз животната средина што

произлегуваат од политики, планови и програми се идентификуваат, оценуваат и намалуваат. Важен инструмент за да им се помогне во постигнување на одржлив развој и креирање на политиката е Стратегиската оцена на животната средина. Посебни бенефиции во Стратегиската оцена вклучуваат:

- Поддршка на одржливиот развој;
- Да се подобрат доказите како добра основа за стратешките одлуки;
- Да се консултираат сите засегнати страни во процесот на изготвување на документот и утврдување на состојбите во животната средина со реализација на планот;
- Да се насочат на други процеси, како што се влијанието врз животната средина на оценките врз одделни развојни проекти.

Стратегиската оцена следејќи ги одредбите за содржината на овој Извештај, ги обработува следните содржини:

- Карактеристики на животната средина во областите кои би биле значително засегнати;
- Проблеми од областите кои се од посебно значење за животната средина, а особено од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите;
- Целите на заштита на животната средина, одредени на национално или меѓународно ниво, кои се релевантни за планскиот документ и начинот на кој овие цели и сите аспекти на животната средина се земени во предвид за време на нивните подготовки;
- Веројатните значајни влијанија врз животната средина во целина, вклучително и врз биодиверзитетот, населението, здравјето на луѓето, флората, фауната, водата, воздухот, почвата, климатските фактори, културното наследство, пејсажот и материјалните придобивки. Овие влијанија вклучуваат секундарни, краткорочни, долгорочни, трајни и привремено позитивни и негативни ефекти;
- Резиме/краток преглед на причините на алтернативите, опис за тоа како е направена проценката, вклучувајќи ги сите потешкотии (како што се техничките недостатоци или недостигот на know-how) до кои се дошло при собирањето на потребните информации;
- Опис на предвидените мерки кои се однесуваат на мониторингот во согласност со законските обврски;
- Не-техничко резиме на информациите дадени во согласност со барањата наведени во претходните точки.

## 1.7 Резиме

Врз основа на спроведената Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1-Производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија (Г1.4-Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, општина Градско, органот е должен да ги следи ефектите врз животната средина и здравјето на луѓето со цел во раната фаза да се согледаат

евентуалните негативни влијанија напоредно со изработката на планската документација пред да биде прифатлива за имплементација.

# 2. Преглед на Планскиот документ

## 2.1 Основи на Планскиот документ

Основна стратешка определба на Република Македонија е обезбедување услови и изградување на отворено стопанство, поголема инфраструктура и економска интеграција со соседните и европските земји и вклучување во современите текови и форми, како и квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура, со што се подобрува просторната рамнотежа во развојот, со почитување на локациските, техноекономските како и критериумите за заштита на животната средина.

Стопанството претставува една од потенцијално најдинамичните форми на економскиот развој и промените во просторно-урбаната структура. Мини стопанските комплекси треба да значат и започнување на процесот на реструктуирање на просторот во Македонија. При тоа, ќе се обезбедат и голем број на нови вработувања.

При планирањето на просторот, максимално се почитувани барањата и програмските задачи договорени со нарачателот во корелација со релевантната урбанистичка законска регулатива.

Урбанистичко проектна документација со која се уредува предметниот проектен опфат е Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1 - Производство на енергија и тешка загадувачка индустрија (Г1.4 - Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, Општина Градско. Истата се изработува врз основа на одобрена Проектна програма од страна на Министерот за транспорт и врски, Потврда за заверка бр. 67-1832/6 од 06.09.2024 година, а во согласност со Член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 32/20, 111/23 и 171/24) и истата оформена со содржина уредена во член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1 - Производство на енергија и тешка загадувачка индустрија (Г1.4 - Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, Општина Градско, зафаќа површина од 10.2 ха и неговата местоположба е ограничена на површината на катастарските парцели на дел од КП 55/1 и дел од КП 54/2, КО Згрополци, општина Градско. Дел од предметниот проектен опфат во површина од сса 10,1 ха е разработен врз основа на Условите за планирање на просторот бр. Y18624, за кои е издадено Решение бр. УП1-15 1404/2024 година, додека останатиот дел во површина од сса 0,1 ха, е разработен врз основа на Условите за планирање на просторот бр. Y41023 за кои е издадено Решение бр. УП1-15 2476/2023 година издадени за изработка на Урбанистички план вон населено место Згрополци, за мултинаменски стопански комплекс во м.в. Тркало, КО Згрополци. Двата дела се интегрална целина на проектниот опфат, предмет на разработка на овој урбанистички проект. Северната граница на проектниот опфат е дефинирана од државниот пат Р1102, делница Скопје-Катланово-Велес-Неготино-Демир Капија-

Гевгелија, секција Велес-Градско, клучка Згрополци, врз основа на Одлуката за категоризација на државните патишта („Сл. Весник на РМ” бр. 133/11, 150/11, 20/12, 107/13, 17/14, 190/14) од каде е планиран соодветен сообраќаен приклучок на ново-формираната градежна парцела.

Основна цел на оваа планска документација е преку:

- рационално уредување и искористување на просторот;
- подигнување на хуманоста во просторот и надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет;
- оддржлив развој;
- заштита и унапредување на животната средина и природата;
- заштита на недвижното културно наследство;
- заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки катастрофи и хаварии (заштита и спасување);
- јавност во постапката за донесување и спроведување на плановите;
- вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето и
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето и уредувањето на просторот и

да се дефинираат архитектонско-урбанистичките параметри за реализиција на планираните градби на планираната градежна парцела, да се дефинира основната класа на намена, како и начините на употреба на земјиштето, а согласно актуелната позитивна законска легислатива од областа на урбанистичкото планирање.

Согласно тоа, во рамки на предметниот проектен опфат со површина од 102052 $м^2$ (10,21 ха), формирана е една градежна парцела од дел од КП 55/1 и дел од КП 54/2, КО Згрополци, Општина Градско, со вкупна површина од 86232 $м^2$ (8,62 ха). Во рамките на оваа градежна парцела, предвидена е утврдена површина за градба која изнесува 75109 м (7.51 ха), со вкупна развиена површина од 431158 м. Проектираната максималната површина за градба со овој убранистички проект во рамки на утврдениот простор за градење изнесува 16859 $м^2$ (со надстрешници 19009 $м^2$), додека развиената површина изнесува 118610 $м^2$ (со надстрешници 120760 $м^2$). Поради значењето на овој простор, можностите за порационална искористеност на земјиштето, предвидена е катност која соодветствува со урбаната матрица, уличните фронтови и местоположбата на локалитетот, а се во склад со Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Земено предвид дека станува збор за објект со намена тешка градежна индустрија и производство на неметали, максималната планирана висина на градбите е дефинирана на 55,0 м, а соодветно имајќи ја во предвид специфичноста на намената, катноста е дефинирана согласно проектната документација.

## 2.2 Плански опфат

### 2.2.1 Географска и геодетска местоположба

Локацијата што е предмет на овој проект се наоѓа во КО Згрополци, општина Градско.

Проектниот опфат кој е предмет на формирање и разработка со овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1 - Производство на енергија и тешка загадувачка индустрија (Г1.4 - Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, Општина Градско, зафаќа површина од 102052 м$^2$ (10.2 ха) и неговата местоположба е ограничена на површината на катастарските парцели на дел од КП 55/1 и дел од КП 54/2, КО Згрополци, Општина Градско.




Урбанистичко решение за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1-Производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија (Г1.4-Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, општина Градско

### 2.2.2 Намена на употреба на земјиштето

Со Урбанистичкиот проект се дефинира и основната класата на намена на градежното земјиште и градбите. Основната класа на намена е дефинирана во согласност со Условите за планирање на просторот, а согласно Просторниот план на Република Македонија, во чиј што спаѓа предметниот проектен опфат за кој се изработува овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1 - Производство на енергија и тешка загадувачка индустрија (Г1.4 - Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, општина Градско, со тех. бр. Y18624 од јули 2024 година (изработени од Агенцијата за планирање на просторот), заедно со Решение за услови за планирање бр. УП1-15 1404/2024 од 22.07.2024 година, како и согласно Член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и намената е утврдена како:

- Г - Рударство, енергетика, индустрија:

Г1.4 - Тешка градежна индустрија и производство на неметали: циглани, ќерамидници, гипсари, цементари, производство на керамика и други неметали, производи од азбест, преработка на дрво, целулоза и хартија.

Со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1 - Производство на енергија и тешка загадувачка индустрија (Г1.4 - Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, Општина Градско, дефинирани се архитектонско-урбанистичките параметри за изградба на градби со намена Г1.4 - Тешка градежна индустрија и производство на неметали: циглани, ќерамидници, гипсари, цементари, производство на керамика и други неметали, производи од азбест, преработка на дрво, целулоза и хартија.

Во рамките на проектниот опфат, предмет на овој Урбанистички проект, а согласно член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) се предвидуваат комплементарни класи на намена, и тоа: Складишта, Администрација и Помошни инсталации.

Во рамките на оваа градежна парцела, предвидена е максимална утврдена површина за градба која изнесува 75109 м, со вкупна изградена површина од 431158 м. Проектираната максималната површина за градба со овој убранистички проект во рамки на утврдениот простор за градење изнесува 16859 м$^2$ (со надстрешници 19009 м$^2$), додека развиената површина изнесува 118610 м$^2$ (со надстрешници 120760 м$^2$), како и градби кои се дел од вградена инфраструктура, подземна комунална супраструктура и урбана опрема, дистрибуирана на следниот начин:

- градба 1 - административен објект (Анекс А), со површина од 777 м$^2$, со максималната височина на завршниот венец од 8.00 м;
- градба 2 - пакување во вреќи (Анекс В), со површина од 3457 м$^2$, со максимална висина на венец од 36.00 м;
- градба 3 - производство (Анекс С), со површина од 8434 м$^2$, со максимална висина на венец од 51.00 м;

- градба 3а - надстрешница, со површина од 105 $м^2$, со максимална висина на венец од 6.00 м;
- градба 3б - надстрешница, со површина од 138 $м^2$, со максимална висина на венец од 6.00 м;
- градба 3в - надземна подвижна лента, со површина од 389 $м^2$, со максимална висина на венец од 6.00 м;
- градба 3г - надземна подвижна лента, со површина од 165 $м^2$, со максимална висина на венец од 6.00 м;
- градба 4 - склад за тврдо гориво (Анекс D), со површина од 98 $м^2$, со максимална висина на венец од 10.00м;
- градба 5 - склад за мазива (Анекс Е), со површина од 727 $м^2$, со максимална висина на венец од 14.00 м;
- градба 6 - склад за NOx (Анекс F), со површина од 401 $м^2$, со максимална висина на венец од 13.00 м;
- градба 7 - истовар на суровина (Анекс G), со површина од 434 $м^2$, со максимална висина на венец од 14.00 м;
- градба 8 - трафостаница (Анекс Н), со површина од 284 $м^2$, со максимална висина на венец од 5.00 м;
- градба 9 - гаража (Анекс I), со површина од 869 $м^2$, со максимална висина на венец од 10.00 м;
- градба 9а - надстрешница, со површина од 265 $м^2$, со максимална висина на венец од 5.00 м;
- градба 10 - Боксови за гасни цилиндри (Анекс L), со површина од 96 $м^2$, со максимална висина на венец од 5.00 м;
- градба 11 - портирница, со површина од 36 $м^2$, со максимална висина на венец од 5.00 м;
- градба 11а - надстрешница, со површина од 132 $м^2$, со максимална висина на венец од 5.00 м;
- градба 12 - надстрешница над паркинг простор (ПМ 1-21), со површина од 379 $м^2$, со максимална висина на венец од 5.00 м;
- градба 13 - надстрешница над паркинг простор (ПМ 22-45), со површина од 402 $м^2$, со максимална висина на венец од 5.00м;
- градба 14 - надстрешница над паркинг простор (ПМ 60-69), со површина од 175 $м^2$, со максимална висина на венец од 5.00 м;
- градба 15 - резервоар за ПП заштита, со површина од 50 $м^2$;
- градба 16 - резервоар за санитарни потреби, со површина од 19 $м^2$;
- градба 17 - бунарска шахта, со површина од 6 $м^2$;
- градба 18а - маслофаќач, со површина од 3 $м^2$;
- градба 18б - маслофаќач, со површина од 3 $м^2$;
- градба 18в - маслофаќач, со површина од 3 $м^2$;
- градба 18г - маслофаќач, со површина од 3 $м^2$;
- градба 18д - маслофаќач, со површина од 3 $м^2$;
- градба 18ѓ - маслофаќач, со површина од 3 $м^2$;
- градба 18е - маслофаќач, со површина од 3 $м^2$;

- градба 18ж - маслофаќач, со површина од 3 м$^2$;
- градба 18з - маслофаќач, со површина од 3 м$^2$;
- градба 18ѕ - маслофаќач, со површина од 3 м$^2$;
- градба 19 - маслофаќач, со површина од 225 м$^2$;
- градба 20 - попивателна јама, со површина од 2 м$^2$;
- градба 21 - пречистителна станица, со површина од 9 м$^2$;
- градба 22 - реципиент на отпадни води, со површина од 900 м$^2$.

Со предметниот урбанистички проект процентот на изграденост на утврдената градба е ограничен на 50.00%, додека остварениот процент во рамки на утврдената градба изнесува 19.55%.

Со предметниот урбанистички проект коефициентот на искористеност на земјиштето за утврдената градба изнесува 5.00, додека остварениот коефициент изнесува 1.38.

Дистрибуцијата на површините за градење е дадено во табелата, подолу:

| ТАБЕЛА СО ОСТВАРЕНИ НУМЕРИЧКИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИ НА УТВРДЕНИ ВРЕДНОСТИ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. на градежна парцела | Површина на марцела м² | Број на градба | Намена на градбите | Класа на намена | Висина на венец | Катност | Површина под градба м² | Бруто површина за градба м² | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност (К) | Паркирање |
| ГП 1 | 86232 | 1 | Административен објект (АНЕКС А) | Г1.4 | 8,0 | П+1 | 777 | 1555 | 19,55 | 1,38 | 69 ПМ |
| | | 2 | Пакување во вреќи (АНЕКС B) | | 36,0 | П+7 | 3457 | 27658 | | | |
| | | 3 | Производство (АНЕКС C) | | 51,0 | П+9 | 8434 | 84338 | | | |
| | | 3а | Настрешница * | | 6,0 | П | 105 | 105 | | | |
| | | 3б | Настрешница * | | 6,0 | П | 138 | 138 | | | |
| | | 3в | Надземна подвижна лента * | | 6,0 | П | 389 | 389 | | | |
| | | 3г | Надземна подвижна лента * | | 6,0 | П | 165 | 165 | | | |
| | | 4 | Склад за тврдо гориво (АНЕКС D) | | 10,0 | П | 98 | 98 | | | |
| | | 5 | Склад за мазива (АНЕКС E) | | 14,0 | П | 727 | 727 | | | |
| | | 6 | Склад за Nox (АНЕКС F) | | 13,0 | П | 401 | 401 | | | |
| | | 7 | Истовар на суровина (АНЕКС G) | | 14,0 | П | 434 | 434 | | | |
| | | 8 | Трафостаница (АНЕКС H) | | 5,0 | П | 284 | 284 | | | |
| | | 9 | Гаража (АНЕКС I) | | 10,0 | П+1 | 869 | 1738 | | | |
| | | 9а | Настрешница * | | 5,0 | П | 265 | 265 | | | |
| | | 10 | Боксови за гасни цилиндри (АНЕКС L) | | 5,0 | П | 96 | 96 | | | |
| | | 11 | Портирница | | 5,0 | П | 36 | 36 | | | |
| | | 11а | Настрешница * | | 5,0 | П | 132 | 132 | | | |
| | | 12 | Настрешница над паркинг простор (ПМ 1-21) * | | 5,0 | П | 379 | 379 | | | |
| | | 13 | Настрешница над паркинг простор (ПМ 22-45) * | | 5,0 | П | 402 | 402 | | | |
| | | 14 | Настрешница над паркинг простор (ПМ 60-69) * | | 5,0 | П | 175 | 175 | | | |
| | | 15 | Резервоар за ПП заштита * | | / | / | 50 | 50 | | | |
| | | 16 | Резервоар за санитарни потреби * | | / | / | 19 | 19 | | | |
| | | 17 | Бунарска шахта * | | / | / | 6 | 6 | | | |
| | | 18а | Маслофаќач * | | / | / | 3 | 3 | | | |
| | | 18б | Маслофаќач * | | / | / | 3 | 3 | | | |
| | | 18в | Маслофаќач * | | / | / | 3 | 3 | | | |
| | | 18г | Маслофаќач * | | / | / | 3 | 3 | | | |
| | | 18д | Маслофаќач * | | / | / | 3 | 3 | | | |
| | | 18ѓ | Маслофаќач * | | / | / | 3 | 3 | | | |
| | | 18е | Маслофаќач * | | / | / | 3 | 3 | | | |
| | | 18ж | Маслофаќач * | | / | / | 3 | 3 | | | |
| | | 18з | Маслофаќач * | | / | / | 3 | 3 | | | |
| | | 18ѕ | Маслофаќач * | | / | / | 3 | 3 | | | |
| | | 19 | Маслофаќач * | | / | / | 225 | 225 | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 20 | Попивателна јама * | | / | / | 2 | 2 | | | |
| | | 21 | Пречистителна станица * | | / | / | 9 | 9 | | | |
| | | 22 | Реципиент на отпадни води * | | / | / | 900 | 900 | | | |
| | | | | | | ВКУПНО: | 16859 | 118610 | 19,55 | 1,38 | |
| | | | | | | | 19009 | 120760 | | | |
| | | | | | | | со надстрешници | со надстрешници | | | |
| | | | Плато | | | | 24997 | | 28,99 | | 69 ПМ |
| | | | Тротоари | | | | 2157 | | 2,50 | | |
| | | | Зеленило | | | | 42220 | | 48,96 | | |
| | | | | | | ВКУПНО: | 86232 | | | | |
| * настрешница / подземна градба | | | | | | | | | | | |

Комплексот на објекти претставува една целина во која се одвива меѓусебно поврзан производен процес. Технолошкото решение кое е применето овозможува затворен производен циклус од прием на суровина до испорака и отпрема на готов спакуван производ.

Во рамките на парцелата предвидени се следните објекти - анекси, обележани со латинични букви:

АНЕКС A - АДМИНИСТРАТИВЕН ОБЈЕКТ
АНЕКС B - ПАКУВАЊЕ ВО ВРЕЌИ
АНЕКС C - ПРОИЗВОДСТВО
АНЕКС D - СКЛАД ЗА ТВРДО ГОРИВО
АНЕКС E - СКЛАД ЗА МАЗИВА
АНЕКС F - СКЛАД ЗА NOx
АНЕКС G - ИСТОВАР НА СУРОВИНА
АНЕКС H - ТРАФОСТАНИЦА
АНЕКС I - ГАРАЖА
АНЕКС L - БОКСОВИ ЗА ГАСНИ ЦИЛИНДРИ и други пратечки инфраструктурни објекти.

**Анекс А**

Анекс А е предвиден како административен објект во кој е предвидено да се одвива деловна, истражувачка, лабораториска дејност како и отпремнина на готов производ. Објектот е конципиран на две нивоа, приземје со вкупен габарит П=641 м$^2$ во кое се сместени канцеларии, соби за врагање, контролни соби, лабораторија, но и менза за исхрана на персоналотм тоалети и соби за одмор. Вториот кат од објектот е со помал габарит и во истиот се сместени управните канцеларии со нивните пропратни содржини. Површината на габаритот на вториот кат изнесува 349 м$^2$.

**Анекс В**

Анекс В е предвиден како објект за пакување во вреќи. Готовиот производ кој се произведува во Анекс С преку подвижни ленти од затворен тип локално се транспортира до 4 (четири) силоси кои понатаму се врзани со машини за мерење и пакување во вреќи. Истите силоси можат да се користат и за директно полнење на камионски цистерни за транспорт на цемент. За таа

причина објектот е конципиран да има еднонасочно движење во повеќе ленти со што ќе се овозможи поефикасен проток на возила и самиот утовар да се одвива зад затворени врати. После утоврот камионите се предвидува да одат на надворешна мерна вага пред да го напуштст кругот на фабриката. Габаритот на објектот изнесува 2864 м$^2$ со максимална висина од д=35.50 м.

**Анекс C**

Анекс C е предвиден како главен производен дел во рамките на фабриката. Истиот се состои од неколку различни етапи од технолошкиот производен процес. Во објектот е предвидено да се одвиваат најважните фази во процесот на производство на цемент. Дробење и хомогенизација на суровина, термичка обработка во рото печка и мелење на готовиот процес со додавање на гипс во цементната смеса. Суровината во објектот се испорачува преку затворена подвижна лента, готовиот производ од објектот се испорачува преку две затворени подвижни ленти. Габаритот на објектот изнесува 6728 м$^2$ со максимална висина од д=50.30 м.

**Анекс D**

Анекс D е предвиден како склад за тврдо гориво. Габаритот на објектот изнесува 60 м$^2$ со максимална висина од д=9.50 м.

**Анекс E**

Анекс E е предвиден како склад за мазива кои се користат при производниот процес. Габаритот на објектот изнесува 623 м$^2$ со максимална висина од д=13.30 м. Точната зафатнина на резервоарите на мазива ќе биде утврдена при изработка на основен проект за машински инсталации.

**Анекс F**

Анекс F е предвиден објект за складирање на Азотни Оксиди кои се користат во производниот процес. Габаритот на објектот изнесува 130 м$^2$ со максимална висина од 11.50 м. Точната зафатнина на резервоарите на мазива ќе биде утврдена при изработка на основен проект за машински инсталации.

**Анекс G**

Анекс G е предвиден објект за истовар на суровина која се користи во производниот процес. Суровината е предвидена при истовар да помине низ груба дробилица со цел да се овозможи нејзин транспорт од Анекс G кон Анекс C преку затворена подвижна лента. Габаритот на објектот изнесува 360 м$^2$ со максимална висина од д=13.14м. Објектот е делумно денивелиран со цел да се смести опремата која се користи за истовар.

**Анекс H**

Анекс H е предвиден објект Трафостаница. Габаритот на објектот изнесува 251 м$^2$ со максимална висина од д=3.65м.

**Анекс I**

Анекс I - За да се задоволат параметрите на производниот процес потребно да се обезбеди паркирање за различни типови на лесни, товарни и наменски возила. Со цел на задоволување на потребите на производниот процес обезбеден е отворен паркинг простор за товарни и лесни возила на вкупна големина 3805 $м^2$ кој соодветно ќе се организира при изработка на основен сообраќаен проект. Дополнително, обезбеден е и затворен паркинг простор обезбеден со гаражи на вкупен габарит 386 $м^2$ и настрешници на вкупен габарит 488 $м^2$.

**Анекс L**

Анекс L е предвиден објект за чување на гасни цилиндри кои се користат во производниот процес. Објектот е предвиден на изолирана локација, природно вентилиран и јасно со обележана намена. Габаритот на објектот изнесува 60 $м^2$ со максимална висина од 3.60 м со дополнително повисоки калкански пп ѕидови.

# 3. Краток опис и образложение на планските решенија за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура.

## 3.1 Сообраќајно поврзување

Со овој урбанистички проект се планира соодветен сообраќаен приклучок на новоформираната градежна парцела. Пристапот се планира од постојните влезно/излезните рампи на државен пат Р1102, делница Скопје-Катланово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија, секција Велес-Градско, клучка Згрополци, врз основа на Одлуката за категоризација на државните патишта („Сл. Весник на РМ” бр. 133/11, 150/11, 20/12, 107/13, 17/14 и 190/14). Со урбанистичкиот проект се овозможува проектно решение со кое приклучокот од регионалниот пат ќе продолжи кон атар на селото / населеното место.

Со оглед на наведената категорија на државниот пат - Регионален пат, потребно е да се предвидат сообраќајно-техничките елементи во зависност од димензиите на меродавните возила за проектирање дефинирани во нормативите и стандардите за проектирање на објекти и тоа:

- Лесни патнички возила со димензии:

4,70 x 1,75 (м) и со радиус на свртување Рс = 5,80 (м),

- Тешки товарни возила со димензии:

16,5 x 2,50 (м) и со радиус на свртување Рс = 12,00 (м).

Сообраќајно-техничките елементи димензионирани се согласно меродавните возила за проектирање дефинирани во нормативите и стандардите за проектирање на објекти, додека на предметната крстосница се:

- Радиус 12.5м
- Радиус 30.0м
- Сообраќајни острова, ширина на коловоз мин 5.5м
- Еднонасочни коловозни ленти мин 4.0м
- Двонасочни коловозни ленти мин 5.5м.

Сообраќајниот приклучок, ќе биде планиран согласно Идејното сообраќајно решение со техн. бр. 297-П/2/2023 од Јуни 2024 година, изработено од 24 ИНГ ДООЕЛ Битола, за кое ЈП за Државни Патишта се произнело со позитивно мислење, бр. 10-6577/2 од 13.06.2024 година.

Внатрешниот динамичен и стационарен сообраќај се планира во рамките на планираната градежна парцела. Обезбедувањето на соодветен број на паркинг места е основен услов за изградба на максимално дозволената височина и површина за градба, а согласно член 59 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Со предметниот урбанистички проект, потребниот број на паркинг места се утврдува согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ” бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Од тука се

применува стандардот: Г2 - Лесна индустрија: Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај - службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата - да се обезбедат во рамки на градежната парцела.

Со предметниот урбанистички проект обезбедени се вкупно 69 паркинг места за автомобили од кои 2 паркинг места за лица со инвалидитет.

## 3.2 Комунална инфраструктура

**Водоводна мрежа**

Со писмен допис бр. 03-97/3 од 15.07.2024 година и 03-97/8 од 16.08.2024 година, побарани се податоци и информации од ЈКП Клепа - Градско, и не е добиен повратен одговор.

Водоводната мрежа во рамките на парцелата е предвидена да се изведе со локална мрежа од цевки Ф80 до поединечните објекти (анкеси) со главна водомерна шахта поставена во непосредна близина на интервентен влез. Во рамките на парцелата е предвиден и резервоар за санитарна вода и една бунарска шахта. Доводот до водомерната шахта да не биде помал од Ф110. Поединечните објекти (анекси) и самиот производен процес немаат значителни побарувања за снабдување со вода, претежно за санитарни потреби, бидејќи предвидениот производен процес е од т.н. сув тип.

Резервоарот за санитарни потреби ќе биде од монтажен тип, поставен на армирано-бетонска плоча и од него со помош на пумпи ќе биде обезбедена гранкаста водоводна мрежа со која ќе се доведе вода до секој од објектите.

***Пресметка за потребна водоводна мрежа:***

Број на вработени: N = 100

$Q_{ср/ден} = N \times Q_0 = 100 \times 400 = 40000$ л/ден

$q_{ср/ден} = \dfrac{Q\,ср/ден}{86400} = \dfrac{40000}{86400} = 0{,}46$ л/сек

***Максимална дневна потрошувачка***

$Q_{макс/ден} = Q_{ср/ден} \times \alpha_1 = 40000 \times 1{,}30 = 52000$ л/ден

$q_{макс/ден} = \dfrac{Q\,макс/ден}{86400} = \dfrac{52000}{86400} = 0{,}60$ л/сек

***Максимална часовна потрошувачка***

$Q_{макс/час} = Q_{максден} \times \alpha_2 = 40000 \times 1{,}50 = 60000$ л/час

$q_{макс/час} = \dfrac{Q\,макс/час}{86400} = \dfrac{60000}{86400} = 0{,}69$ л/сек

Во рамките на парцелата е предвидено да се постави локална мрежа за ПП заштита до и околу поединечните објекти (анекси) со што е предвиден и резервоар за ПП заштита. Димензионирањето на пресекот и протокот на цевната мрежа ќе се изврши во основниот проект. Околу објектите е предвидено и поставување на мрежа на подземни хидранти на растојание помало од 80 м. Резервоарот за противпожарна заштита ќе биде армирано-бетонски објект, кој ќе биде димензиониран да ја покрива целата количина на вода за гаснење на пожар со истовремено користење на 2 хидранти од по 5 л/с, односно: 2*5л/с=10л/с со времетраење на 2 часа, со што волуменот на резервоарот би изнесувал 2*60*60*10= 72 $м^3$.

Од резервоарот директно со помош на пумпи ќе биде обезбедена хидрантска противпожарна мрежа со дијаметар ДН110мм, во форма на прстен со кој ќе се обеезбеди циркулација на водата, на кој прстен ќе бидат поставени самите против пожарни хидранти. Од истата мрежа ќе се спроведе и инсталација за поставување на противпожарни хидранти и во објектите.

Со помош на пумпите ќе се обезбеди и соодветниот притисок од 2,5 бари во најкритичниот хидрант.

Дополнителна разработка на планираната надворешна и внатрешна водоводна мрежа ќе се доработи согласно важечките технички стандарди и нормативи за ваков вид на инфраструктура, која ќе биде предмет на понатамошна разработка со Основен проект.

**Фекална канализациона мрежа**

Со писмен допис бр. 03-97/3 од 15.07.2024 година и 03-97/8 од 16.08.2024 година, побарани се податоци и информации од ЈКП Клепа - Градско, и не е добиен повратен одговор.

Со предметниот урбанистички проект, во рамките на парцелата е предвидено да се постави локална фекална канализациона мрежа. Истата е предвидена како периметрално решение околу поединечните објекти (анекси) и со што се овозможува поврзување и одведување на фекалните води до локална пречистителна станица во рамките на парцелата.

Димензионирањето на пресекот, протокот и падот на идната фекална канализациона мрежа во рамките на парцелата е предвидено да се изврши со основниот проект, но истата да не биде со помал пресек од Ф300.

Исто така, во рамките на парцелата е предвидено да се постави реципиент за отпадни води. Неговото димензионирање, капацитет и начин на приклучување ќе се одреди со основен проект.

***Пресметка за потребна фекална калаизациона мрежа:***

Максималната часова отпадна вода по корисник изнесува: 100 x 0.04 x 0.9 = 3,6$м^3$/ден

Максималната часова отпадна вода по корисник изнесува: $Q_{сред/час}$ = $Q_0$ x N = 40 x 100 = 4000

Максимална дневна отпадна вода по корисник изнесува: $Q_{сред/ден}$ = $Q_{сред/час}$ / 86400 = 0,05

Планираната вкупна количина на фекална и отпадна вода за проектниот опфат изнесува:

$Q_{макс/час}$ = $Q_{сред/ден}$ x к1 x к2 = 0,05 x 1,35 x 1,25 = 0,08 л/сек

Дополнителна разработка на планираната надворешна и внатрешна фекална мрежа ќе се доработи согласно важечките технички стандарди и

нормативи за ваков вид на инфраструктура, која ќе биде предмет на понатамошна разработка со Основен проект.

**Атмосферска канализациона мрежа**

Со писмен допис бр. 03-97/3 од 15.07.2024 година и 03-97/8 од 16.08.2024 година, побарани се податоци и информации од ЈКП Клепа - Градско, и не е добиен повратен одговор.

Во рамките на парцелата е предвидено да се постави локална атмосферска канализациона мрежа. Истата е предвидена како периметрално решение околу поединечните објекти (анекси) и со што се овозможува одводнување на атмосферските води од кровните површини и од околната патна инфраструктура со помош на сливни решетки. Согласно поставеноста на планираната идна атмоферска мрежа се предвидени и маслофаќачи пред атмосферските води да се одведат до попивателен бунар. Сите цевки од атмосферската канализација се со усвоен дијаметар во согласност со условот за минимален дијаметар за надворешна канализација, односно Ф300.

***Пресметка за потребна атмосферска калаизациона мрежа***

Димензионирањето на атмосферските колектори се врши по формулата:

$$q = Q \times F \times \varphi \times \Psi$$

φ - коефициент на каснење кој зависи од сливната површина
Ψ - коефициент на отекување-усвоен Ψ = 0,6
Вкупната сливна површина која гравитира кон атмосферската канализација изнесува: F=8,62ха. Средните коефициенти на оттекување ќе се пресметаат по формулата:

$$\Psi = F1+\Psi1 \times F2+\Psi2 \times F3+\Psi3 / \Sigma F$$

$$\Psi = \frac{1{,}90 x 0.80+4{,}22 x 0.15+2{,}72 x 0.85}{8{,}62} = 0{,}52$$

каде:
F1 - Површина под покриви од куќи, згради, јавни објекти и комерцијално-деловенни објекти
F2 - Површина со зеленило
F3 - Површина под улици, тротоари и паркинзи
Ψ1-Коефициент на отекување од покриви
Ψ2-Коефициент на отекување од зеленило
Ψ3-Коефициент на отекување од улици, тротоари и паркинзи

Коефициентот на ретардација ќе се пресмета по формулата:

Ø= 1/ ΣF = 1/ 8,62 = 0,12

Според тоа количината на атмосферска вода за одводнување изнесува:

$$Qatm = F x q 1 x \Psi (l/sec) = 8{,}62 x 110 x 0{,}6 = 568{,}92 l/sec$$

F – вкупна сливна површина (ха)
$q_1$ – специфичен истек (110)
***Ψ – просечен коефициент на истекување (0,6)***

Дополнителна разработка на планираната надворешна и внатрешна атмосферска мрежа ќе се доработи согласно важечките технички стандарди и нормативи за ваков вид на инфраструктура, која ќе биде предмет на понатамошна разработка со Основен проект.

**Електро-енергетска инфаструктура и објекти**

Согласно податоците и информациите добиени од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, бр. 10-23/6-276 од 22.08.2024 година, наведено е дека во рамки на предметниот проектниот опфат има постојна инфраструктура, и тоа:

- постоен 10(20)кВ столб;
- постојна 10(20)кВ надземна мрежа.

Согласно известување од АД МЕПСО, бр. 11-4782/1 од 17.07.2024 година, наведено е дека предметниот проектен опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Согласно известувањето од АД Електрани на Северна Македонија-Скопје, бр. 08-4557/1 од 23.07.2024 година, наведено е дека во близина на предметниот проектен опфат согласно Префизибилити студијата за Вардарска долина, изработена од 2017 година, се планирни идните локации на ХЕЦ Згрополци 1, ХЕЦ Згрополци 2 и ХЕЦ Градско 1.

Согласно Условите за планирање на просторот бр. S18624, за кои е издадено Решение бр. УП1-15 1404/2024 година предметниот опфат нема конфликт со постојните и планирани преносни и конективни водови. Така постојниот 110 кВ далноводот Велес - ХИВ минува на 52 м северно од предметната локација.

Пресметка за потребна електрична енергија:

Г - Рударство, енергетика, индустрија

- Г1.4 - Тешка градежна индустрија и производство на неметали: циглани, ќерамидници, гипсари, цементари, производство на керамика и други неметали, производи од азбест, преработка на дрво, целулоза и хартија.

Вкупна површина: 120760 = 12,08 ха.

Подолу се дадени пресметки за поединечните градби со намена Г1.4:

| | |
|---|---|
| АНЕКС А | Pln1 = 500kW<br>cosf = 0,95<br>K=0,8<br>**Ped1 = 400kW**<br>Ie = 608,5 A |
| АНЕКС B | Pln2 = 500kW<br>cosf = 0,95<br>K=0,8<br>**Ped2 = 400kW**<br>Ie = 608,5 A |
| АНЕКС C | Pln3 = 5,5mW<br>cosf = 0,95<br>K=0,8<br>**Ped1 = 4,4mW**<br>Ie = 6,7 kA |
| АНЕКС D | Pln4 = 10kW<br>cosf = 0,95<br>K=0,8<br>**Ped1 = 8kW**<br>Ie = 12,2 A |
| АНЕКС E | Pln5 = 500kW<br>cosf = 0,95<br>K=0,8<br>**Ped5 = 400kW**<br>Ie = 608,5 A |
| АНЕКС F | Pln6 = 10kW<br>cosf = 0,95<br>K=0,8<br>**Ped6 = 8kW**<br>Ie = 12,2 A |
| АНЕКС G | Pln7 = 455kW<br>cosf = 0,95<br>K=0,8<br>**Ped7 = 364kW**<br>Ie = 553,7 A |

| | |
|---|---|
| АНЕКС H | Pln8 = 5kW<br>cosf = 0,95<br>K=0,8<br>**Ped8 = 4kW**<br>Ie = 6,1 A |
| АНЕКС I | Pln9 = 10kW<br>cosf = 0,95<br>K=0,8<br>**Ped9 = 8kW**<br>Ie = 12,2 A |
| АНЕКС L | Pln10 = 10kW<br>cosf = 0,95<br>K=0,8<br>**Ped10 = 8kW**<br>Ie = 12,2 A |
| **ВКУПНО** | Pln.vk = 7,5mW<br>cosf = 0,95<br>K=0,8<br>**Ped10 = 6mW**<br>Ie = 9,2 kA |

Д – Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори

- Д2 - Заштитно зеленило

Вкупна површина: 42220 = 4,22ха
4,22 x 15kW/ha = 63,3kW

Е – Инфраструктури

- Е1 - Комунална инфраструктура

Вкупна површина: 27153 = 2,72ха
2,72 x 15kW/ha = 40,8kW

***Вкупна потребна вршна снага***

ΣRed.vk = ΣRed.rei + ΣRed.zsrmp + Σred.i

ΣRed.vk = 6000 + 63,3 + 40,8 = **6104,1kW**

Заштитата од атмосферски празнења е предвидено да се врши со раностартувачки уреди - провектрон, поставени на највисоките точки на новопредвидените објекти.

Дополнителна разработка на планираната надворешна и внатрешна електро-енергетска инфаструктура ќе се доработи согласно важечките технички стандарди и нормативи за ваков вид на инфраструктура, која ќе биде предмет на понатамошна разработка со Основен проект.

**Телекомуникациска инфраструктура и објекти**

Согласно податоците и информациите добиени од Македонски Телеком АД-Скопје, бр. 63634 од 15.07.2024 година, во границите на проектниот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Согласно податоците и информациите добиени од Агенција за електронски комуникации, бр. 1404-2368/3 од 17.09.2024 година, на посочената локација институцијата нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Согласно податоците и информациите добиени од А1 Македонија ДООЕЛ Скопје бр. 11-4495/1 од 16.07.2024 година, во предметното подрачје претпријатието има постојни подземни инсталации, и тоа:

- подземен кабел;
- оптички кабел;
- ров.

Согласно податоците и информациите добиени од Одделот за информатика и телекомуникации, Сектор за телекомуникации при Министерство за внатрешни работи бр. 11.2.83000/2 од 05.09.2024 година и бр.

11.2.91974/2 од 05.09.2024 година, на посочената локација постојат инсталации во надлежност на министерството.

Во рамките на парцелата е предвидено да се постави локална телекомуникациска инфраструктурна мрежа. Истата е предвидена како периметрално и мрежно решение околу поединечните објекти (анекси) и со што се овозможува поврзување преку разводни мрежни ормари. Одредувањето на типот, видот и протокот на податоци на телекомуникациската мрежа ќе се изврши при изработка на основниот проект.

Исто така, во рамките на парцелата пердвидено е да се постави мрежа од IP CCTV камери со цел да се овозможи покриеност со видео надзор. CCTV системот да се поврзе во рамките на новопредвидената телекомуникациска мрежа. Во рамките на парцелата е предвидено да се постави и локална мрежа за улично и дворно осветлување со ЛЕД светилки, контролирани преку форел.

Дополнителна разработка на планираната надворешна и внатрешна телекомуникациска инфаструктура ќе се доработи согласно важечките технички стандарди и нормативи за ваков вид на инфраструктура, која ќе биде предмет на понатамошна разработка со Основен проект.

**Гасоводна инфраструктура**

Согласно податоците и информациите добиени од Номагас АД Скопје, бр. 09-3628/2 од 16.07.2024 година, на предвидениот проектен опфат нема изградено ниту планирано гасоводна мрежа.

Со предметната планска документација не е планирана изградба на гасоводна инфраструктурна мрежа.

**Инфраструктура на водостопанство**

Согласно известувањето од АД Водостопанство на РМ Скопје бр. 11-1674/3 од 16.09.2024 година и бр. 11-1676/3 од 16.09.2024 година, во рамките на предметниот проектен опфат институцијата нема свои објекти и инфраструктура.

Со предметната планска документнација не е планирана изградба на водостопанска инфраструктура.

**Хортикултура и партер**

Процентот на озеленетост во рамките на ново-формираната градежна парцела е планирано да изнесува 20%, согласно Законот за урбано зеленило („Сл. Весник на РМ” бр. 11/18 и 42/20), предвидено е да се обезбеди најмалку 20% зеленило на ниво на терен, а зеленило под кое нема градба. Со предметниот урбанистичи проект, обезбедени се 48,96% зеленило во рамки на градежната парцела.

| ОСТВАРЕНИ ПАРАМЕТРИ НА ЗЕЛЕНИЛО И ПАРТЕР | | | |
|---|---|---|---|
| Површина на парцела м² | Намена на градбите | Површина под градба м² | Процент на учество во проектен опфат % |
| 86232 | Плато | 24997 | 28,99 |
| | Тротоари | 2157 | 2,50 |
| | Зеленило | 42220 | 48,96 |

Пешачките површини предвидено е да се поплочат со плочки за надворешна употреба, додека манипулативното плато и самите влезни партии со травертин како завршна обработка.

При изборот на вегетација ќе се даде приоритет на видовите со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи во воздухот и почвата.

# 4. Карактеристики на просторот и сегашна состојба со животната средина

## 4.1 Карактеристики на просторот

Градско е историски познато како значајна сообраќајна и трговска крстосница не само за Република Македонија туку и за поширокиот балкански регион. Тоа произлегува од неговата географска поставеност, која главно е рамничарскиот дел на средиштето на Македонија, распослано на двете страни на средното Повардарие. Низ него минуваат и се вкрстуваат значајни патни и железнички сообраќајни јазли, кои создаваат врска на северниот со јужниот дел на Балканот.

Нејзината територија зафаќа површина 290 км на која егзистираат повеќе населени места. Населението на оваа Општина, карактеристично по етничката структура главно го сочинуваат мнозинство Македонци, а застапени се и Бошњаци, Албанци, Роми, Турци и Срби, кои претежно егзистираат од земјоделство.

Според новата поделеност на Републиката и локалната самоуправа, општината Градско започнува со сериозна ревитализација на овој регион, за да се сопрат миграционите процеси и целосно да се подобрат условите за живеење и егзистенција.




### 4.1.1 Сообраќајна поврзаност

Селото Градско се наоѓа на околу 7 км од градот Неготино и е поврзано преку регионалниот пат кон Велес. Градско зафаќа површина од околу 235,34 ха.

- Е-75 кој се поклопува со магистралниот пат М-1: (СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР) - Коридор за патен сообраќај вонасока север-југ;
- М-1 - (СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР).

Врз основа на Одлуката за категоризација на државните патишта („Сл. Весник на РМ" бр. 133/11, 150/11 и 20/12) овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- А1 - (Граница со Србија-ГП Табановци-Куманово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско-Прилеп-врска со А2).

### 4.1.2 Рељефни карактеристики

Предметната локација во КО Згрополци, Општина Градско, се наоѓа југоисточно од населено место Кочилари на надморска височина од 160-175 м.

Земјиштето се карактеризира со постојани физичко-механички својства, врз основа на што се категоризира како претежно стабилен терен.

### 4.1.3 Сеизмолошки карактеристики на теренот

Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијаниеврз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемитеградови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII-X степенина МКС -64).

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со VIII степени по Меркалиевата скала на очекуваниземјотреси.

### 4.1.4 Хидротехничка структура

Територијата на општина Градско се наоѓа во средното Повардарие, односно од двете страни на реката Вардар пред влезот во Тиквешката Котлина во средишниот дел на Македонија. Целата територија на општина Градско е сместена во долината на Вардар, а токму во општина Градско во реката Вардар се влеваат двете нејзини најголеми притоки, Брегалница од левата и Црна Река од десната страна. Ова укажува на поволната хидрографска состојба во општината што е пак главна причина и услов за одличните услови и развој на градинарството.

Просторот на овој опфат припаѓа на водостопанското подрачје ВП Среден Вардар, кое го опфаќа сливот на река Вардар од вливот на р. Пчиња во р. Вардар до водомерниот профил Демир Капија на р. Вардар, без сливовите на реките Брегалница и Црна Река. На ова подрачје припаѓаат

сливовите на десните притоки Тополка, Бабуна, Луда Мара и Бошава и на левите притоки Отавица и Иберијска Река.

За целосно искористување на постојниот хидролошки потенцијал на водотеците во ВП Среден Вардар изградени се акумулациите Младост на река Отавица и Лисиче на реката Тополка. Водите од акумулацијата Младост се наменети за наводнување на земјоделските површини во Велешко Поле, а од акумулацијата Лисиче се водоснабдува населението во градот Велес.

Во наредниот период се предвидува изградба на акумулациите: Велес, Бабуна II, Згрополци, Градско, Кукуречани, Криволак, Дуброво и Демир Капија на реката Вардар, потоа акумулацијата Бабуна на река Бабуна и Венец на река Изворчица.

Планскиот опфат се наоѓа во сливот на предвидената акумулација Згрополци на реката Вардар.

### 4.1.5 Климатски и микроклиматски услови на регионот

Областа Тиквеш и Повардарие каде е лоцирана предметната локација се наоѓа под влијание на медитеранска клима која продира од југ преку Демир Каписка клисура и на континентална клима која продира од север преку Велешка котлина.

Судирот на две различни климатски влијанија создава модифицирана медитеранска клима со следни карактеристики: просечна годишна температура на воздухот 13,5°C; највисока просечна месечна температура во јули и август; најниска просечна месечна температура во јануари 1,4°C; годишна средномесечна температура над 0°C; број на мразни денови (под 0°C) е 58,4 дена; средно траење на мразен период изнесува 112 дена; температурна амплитуда од 58,6°C, односно апсолутна максимална температура 41,8°C (август) и апсолутна минимална температура -17,8°C (јануари).

Должина на траењето на сончевиот сјај (осончување) годишно за Средно Повардарие изнесува 2230 часови со максимум во месеците јули и август.

Плувиометриските анализи покажуваат дека ова подрачје е лоцирано во најсушното подрачје во Републиката со следни карактеристики: просечна годишна сума на врнежи изнесува 437 мм, максимална сума на врнежи по месеци 61,2 мм во октомври, минимална сума на врнежи по месеци 47,5 мм во мај, поројни врнежи од локален карактер од мај до септември, дневен максимум 97 мм. Просечна годишна влажност на воздухот е 71%. Просечен број на ведри денови е 118 дена, облачни 153 и тмурни 94 дена.

Интензитетот на дневниот максимум условува создавање на големи поројни води кои создаваат посебни проблеми во регионот.

Снежниот покривач се јавува од декември до март или вкупно 71 ден во годината, просечно, а стварниот број на денови со снежен покривач изнесува 21 ден. Максимално регистрирана висина на снежниот покривач достигнува 93 см.

Воздушните струења имаат најголема честина од насоките север и северо-запад. Струењата од северна насока имаат следни особености:

просечна годишна честина 145‰, средна јачина 2 бофори, максимална јачина 10 бофори, просечна брзина 2,2 - 3,4 м/сек, максимална регистрирана јачина 27,5 м/сек.

Струењата од северо-запад имаат следни карактеристики: просечна годишна честина 118‰, средна јачина 2,1 бофори, максимална регистрирана јачина 10 бофори, просечна брзина 2,6 м/сек. Податоците се од мерна станица Кавадарци.

### 4.1.6 Население

Според Пописот од 2021 година, општина Градско брои 3233 жители.

### 4.1.7 Стопанство

АГРИА - Агроиндустриска Групација Месна индустрија и кланица Агриа - Долно Чичево. Производство на сите видови на свежо месо, со пласман низ сите градови во Македонија и извоз во Европа. Во селото Долно Чичево се наоѓа најмодерно опремена свињарска фарма.

Земјоделски Комбинат Вардар - Градско. Големо модерно-механизирано и организирано земјоделско производство на житни култури (пченица, јачмен), градинарски култури (домати, пипер, краставици), лозови насади, идустриски култури, сточарство (овци, крави, кози). Извозно ориентирано производство, но има и пласман на големо на домашните пазари.

Винарска визба Стоби - Градско. Една од најголемите и најсовремените новоизградени винарници во Македонија, со производство на висококвалитетни вина со пласман во Македонија и на пазарите во странство.

Млекарница Милком - Ногаевци. Производство на млеко, јогурт, сирење и сите видови на млечни производи, со пласман најчесто во општината и во Велес и поширокиот регион, а се почест по нарачка на други фирми и во Скопје.

Фабрика за сточна храна Жито Вардар - Градско. Крај самата железничка станица во Градско се наоѓа фабриката за сточна храна на групацијата Жито Вардар од Велес, која со сточна храна го снабдува поширокиот регион и др.

### 4.1.8 Културно наследство

На подрачјето кое е предмет на анализа има регистрирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

1. Археолошки локалитет Згрополско Кале, Згрополци, железно време, хеленистички и римски период
2. Археолошки локалитет Керамидница, Згрополци, римски период.

Во Археолошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од

најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје, се евидентиран е археолошкиот локалитет Градиште.

Согласно податоци и информации добиени од НУ Национален конзерваторски центар - Скопје, допис бр. 08-359/3 од 09.10.2024 година, констатирано е дека археолошкиот локалитет Керамидница се наоѓа надвор од границите на проектниот опфат и истите не загрозуваат позиции со археолошка содржина.

## 4.2 Опис на сегашната состојба со животната средина во планскиот опфат

Основен предуслов за идентификација на проблемите со животната средина и поставување на стратешки цели за надминување и унапредување на истите е идентификацијата и оцената на сегашната состојба со медиуми на животната средина (воздух, вода, отпад, почва, биодиверзитет, бучава), како и со користењето на земјиштето и природните ресурси во општината.

Со оглед на тоа што во планираниот простор до сега не се вршени мерења, следења и истражувања на основните витални компоненти воздухот, водата, тлото, бучавата и тврдиот отпадок, пореметувањата во екосистемот во целост не можат да се откријат, а оценката за состојбите произлегува исклучиво од дејствувањето на човекот и неговите активности во овој простор.

### *Квалитет на воздухот*

Главен извор на загадување општо е индустријата која во екосистемот емитира, гасови, пареи, чад, магла, прашина и ареосоли. Загадувањето на воздухот најповеќе е резултат на преработка на сулфидни концентрации на обоени метали, како и на согорување на кокс и други карбофилни горива во индустријата и домаќинствата.

На загадувањата на воздухот многу влијае топографијата на теренот, висината на индустриските оџаци и атмосферските услови. Најкритично загадување е во услови на отсуство на хоризонтално и вертикално струење на воздухот, особено кога е истото проследено со температурни инверзии.

Најрационален и ефикасен начин за заштита на животната средина од штетните влијанија врз воздухот е превентивното делување и спречување на продукција на штетни емисии во самите извори на нивно создавање. Квалитетот на воздухот најмногу го нарушува присуството на гасови, прашини и други штетни материи кои негативно влијаат врз здравјето на луѓето, екосистемите и природните создадени вредности.

Една од мерките за реализација на превентивниот пристап во заштитата на воздухот е обезбедување на солидно согорување во огништата на разните горивни инсталации и добра карбурација на горивата во моторите со внатрешно согорување.

Исто така, значајни мерки кои придонесуваат за надминување на проблемот со загадување на воздухот се:

- зголемување на површините со зелени насади и дрвореди;

- подобрување на коефициентот помеѓу изградените и слободните површини;
- подигање зелени појаси околу индустриските зони, производните капацитети, резервоарите за вода и др.

Заради географската положба, природните ресурси, културата и традицијата, како и постојните капацитети, главни дејности во општината се лозарството, градинарството и одгледувањето на тутун. Развојните трендови се однесуваат на развој на сточарството, на металопреработувачката, градежната и друга индустрија. Во општина Градско не се врши мерење на поединечно специфицираните емитери во воздухот и не се следат аероседиментите.

### *Квалитет на водите*

Колку водите во одреден простор може да се сметаат за воден ресурс зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и заштитата на живиот свет. Водата како ресурс ја има многу помалку од присутните води што треба да се има секогаш во предвид при планирањето за нејзино искористување.

За подмирување на потребите на вода најзначајни се површинските води, бидејќи тие се најраспространети, најблиски се до местата на човековата активност, обезбедуваат живот и развој на екосистемот.

Издашноста на подземните води зависи од климатските, морфолошките и хидрогеолошките карактеристики на просторот. Овие води поради посебниот квалитет се значајни и може да бидат корисни за покривање на потребите од вода.

### *Отпад*

Човекот со својата активност продуцира големи количини на цврст отпад. Со процесот на индустријализацијата, урбанизацијата и зголемување на стандардот на живеење, овие количини покажуваат тренд на пораст. Комуналниот и технолошкиот-неопасен отпад е во корелација со развојот на општината. Поголем дел од комуналниот отпад се создава од човекот и терцијарните дејности (трговија, угостителство и туризам), а технолошкиот-неопасен отпад се продуцира од производните дејности. За општина Градско со оглед на стопанската структура, значајно влијание врз количината на цврстиот отпад покрај индустријата имаат земјоделието и сточарството.

Управувањето со цврстиот отпад е во надлежност на ЈП од општината кој го собира сметот, го транспортира и депонира на одреден простор (депонија).

Во другите населени места (руралните подрачја) не постои организирано собирање на отпадот.

Големи количини на цврст органски отпад се создава од сточарското производство, на фармите за говеда, овци, кози, свињи и на живинарските фарми. Се препорачува акција за нивно организирано собирање и преработка.

Депонирањето на отпадот на неуредени површини го деградира просторот, ја уништува вегетацијата и доколку се наоѓа покрај речните брегови влијае и врз зголемување на ерозивните појави.

Треба да се нагласи и проблемот со јавната свест за складирање на отпадот во соодветно за таа намена поставени канти, кеси или контејнери. Потребно е да се предложат мерки и акции за разрешување на оваа несакана и штетна по околината појава.

### *Квалитет на почва*

Квалитетот на почвите претставува основен предуслов за остварување на одржливиот развој. Современите процеси на урбанизација и особено користењето на земјиштето за стопански цели најдиректно влијае врз интензитетот на користење на земјиштето и промената на неговиот квалитет. Постојат многу причинители кои предизвикуваат оштетување и загрозување на земјиштето: загадените отпадни води, исталожените честици од воздухот (тешки метали и сл.), ерозијата, нерационалното користење на хемиски средства во земјоделството, сообраќајниците, депониите, урбаните и руралните населби, добиточните фарми со несоодветна изградба на помошни објекти, викенд населбите, инфраструктурните системи и др.

Почвено-климатските карактеристики имаат поволно влијание за одгледување на сите полјоделски култури - житни, индустриски, градинарски и фуражни. Користењето на земјиштето за земјоделски цели го зголемува ризикот за негова девастација. Разорување на квалитетот на почвениот слој се јавува под влијание на поголемата и неконтролирана употреба на агрохемиски средства. Користењето на арско и вештачко ѓубре и пестициди се одвива без соодветна контрола. Некои пестициди имаат висока токсичност со голем ризик по здравјето на човекот и негативни влијанија врз растенијата, животните и екосистемот.

За да се спречат негативните последици од примената на хемиските препарати и вештачките ѓубрива во земјоделието, неопходно е да се намалат количините на оптималното ниво и едновремено нивно супституирање со воведување и примена на биопестициди и органски ѓубрива со кои се обезбедува продукција на здрави и еколошки чисти производи.

Биопестицидите претставуваат живи организми, микроорганизми или производи на нивните животни процеси. Хигиенските предности од употреба на биопестицидите се:

- отсуство на негативни ефекти врз флората и фауната,
- отсуство на загадување на животната средина,
- отсуство на резидуи (остатоци) во хранливите продукти,
- нерегистрирана отпорност кон нив.

За заштита на природните вредности се препорачува:

- Целосна заштита на флората и фауната и насочено користење на природните потенцијали во склад со еколошките услови;
- Определување на тампон зони околу заштитените објекти;
- Обезбедување на заштита на природните предели и амбиенти во опкружувањето;
- При санација на еколошки загрозените подрачја да се промовираат биолошки мерки за зголемување на стабилноста на екосистемите.

***Бучава***

Проблемот на бучава на ова подрачје досега не е анализиран и истражуван. Во овој регион изворите на создавање на бучава не се од таков вид да овој проблем во животната средина претставува значителна закана за здравјето на луѓето.

Бучавата произлегува од урбаните активности и тоа:

- Сообраќај;
- Производни и деловни процеси;
- Бучава од ентериерно потекло (стамбени згради, трговско деловни центри и сл).

## 4.3. Сегашни проблеми со животната средина во и околу планскиот опфат

Проблемите со животната средина во општина Градско и предметниот опфат, беа идентификувани преку анализа на постоечката состојба со животната средина каде се евидентирани клучните проблеми и предложени се мерки во облик на Акционен план за нивно надминување.

| Најосетливи елементи на животната средина во предметниот опфат (Елементи на СОЖС) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Води | Воздух | Отпад | Климатски фактори | Население | Материјални добра |

Елементи на СОЖС

Проблемите со генерирање на отпадот се разгледуваат како влијание врз површинските и подземните води, влијание на загадувањето на почвите и индиректно како влијание врз квалитетот на воздухот и почвите и индиректно како влијание врз квалитетот на воздухот и создавањето на стакленички гасови (климатски промени).

Врз основа на евидентирање на најосетливите елементи на животната средина во планскиот опфат кои се нарекуваат и елементи на Стратегиска оцена на животната средина (Елементи на СОЖС) се воспоставуваат цели на стратегиска оцена на животна средина (Цели на СОЖС) и се дефинирани можни индикатори за секоја цел.

Во процесот на Стратегиска оцена на влијание на планскиот документ врз животната средина важно е да се види како, на кој начин, со која јачина и

интензитет целите на планскиот документ влијаат врз целите на СОЖС со цел да се предвидат мерки за спречување на влијанијата и да се предложи соодветен план за мониторинг на индикаторите за секоја цел на СОЖС. На следната табела се прикажани сегашните проблеми со елементите на животната средина:

| **Елементи на Стратегиската оцена на животна средина** | **Проблем** | **Релевантно опфтен проблем** |
|---|---|---|
| Воздух | Нарушен квалитет на воздухот од зголемен сообраќај<br>Немање квалитетна медицинска база на податоци во однос на заболувањата предизвикани од загадувањето на воздухот | x<br>x |
| Вода | Неконтролирано трошење на питка вода<br>Нецелосен мониторинг за квалитетот и квантитетот на површинските, подземните и отпадните води | x<br>x |
| Отпад | Постоење на диви депонии<br>Непостоење депонија за отпад штетен по здравјето на луѓето | x<br>x |
| Почва | Загадување на почвата (особено во индустриската зона на општината)<br>Диви депонии на територијата | x<br>x |
| Предел | Узурпација и деградација на просторот<br>Недоволна застапеност на паркови и зелени површини | x<br>x |
| Население | Ниска еколошка свест кај граѓаните во општината<br>Невработеност | x<br>x |
| Климатски фактори | Користење на јаглен и нафта за затоплување | x |
| | Непостоење стратегија за искористување на алтернативни извори на енергија | x |
| Материјални добра | Постоење на бесправни градби | x |

Сегашните проблеми со елементите на животната средина

# 5. Состојба без имплементација на планскиот документ

При реализација на планскиот документ за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1-Производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија (Г1.4-Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, општина Градско се разгледува опцијата без да се спроведе планска активност, односно работите да останат во првобитната положба.

Во конкретниов случај доколку овој план не се спроведе, се очекуваат следниве последици:

- Појава на некомпатибилни дејности;
- Земјиштето и понатаму ќе остане земјиште со помала економска вредност;
- Ограничен развој на општината;
- Неконтролирана изградба на бесправни објекти;
- Нарушување на квалитетот на медиумите во животната средина преку интензивно загадување со отпадни материи (цврст, комунален и други видови отпад) и создавање на диви депонии;
- Интензивно загадување на подземните води и почвата;
- Намалени приходи во општинскиот буџет;
- Отсуство на финансиски инвестирања што би се довело до слаб економски развој на стопанството;
- Пораст на миграција кон поразвиените центри;
- Намален животен стандард;
- Нереализацијата на планскиот опфат ќе испушти можност од идни потенцијални инвестиции.

Доколку не се реализираат предвидените решенија во рамки на планскиот опфат ќе се испушти можноста за економски-одржлив развој.

# 6. Алтернативи и чинители за избор на алтернатива

Реализацијата на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1-Производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија (Г1.4-Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, општина Градско е од особено значење за реализирање наменски содржини и функционална операционализација за развој на планскиот опфат, општината и државата.

Од особено значење за изготвување на Стратегиската оцена, а воедно и стандардна постапка е да се изанализира варијантата, односно опцијата од неспроведување на планското решение со што состојбата би останала во првобитната состојба. Во тој случај се очекува дека фактичката состојба на теренот воопшто нема да се промени и економската пасивност ќе продолжи.

Овие аспекти се земаат со цел да се изнајде најповолното решение кое ќе придонесе за заштитата на животната средина и здравјето на човекот.

Во случај на нереализирање на планскиот опфат се очекува да:

- Социјално-економскиот статус на населението ќе иницира поголема стагнација;
- Продолжување на трендот миграција кон парзвиените градови;
- Невработеноста нема да се намали;
- Намалување на вредноста на земјиштето;
- Узурпација на просторот со дивоградби и други непланскиi и некомпатибилни содржини;
- Непланско и неорганизирано уредување на просторот со што негативно ќе се одрази врз медиумите во животната средина;
- Искористување на слободни површини со нелегални градби.

Со реализирање на планскиот опфат се очекуваат неколку позитивни аспекти:

- Поволна географска положба;
- Добри микроклиматски услови;
- Одлична диспозиција во однос на сообраќајната поврзаност;
- Зајакнување на можностите за одржлив економски и социјален развој на регионот;
- Запирање на економската миграција;
- Развој на локалната самоуправа преку плаќање на даноци, комуналии и други давачки;
- Зголемување на вредноста на земјиштето;
- Со предвидената содржина ќе овозможи остварување на функции со директни или индиректни економски ефекти.

Предметниот плански документ не носи информации за разгледувани алтернативни локации за планскиот опфат. Алтернативи на ниво на активност произлезена од намената на планот, во смисла на технологија и слично ќе бидат разгледувани во фазата на подготовка на техничко технолошкиот проект.

Со примена на претходните критериуми се овозможува локацијата да прерасне како единствена просторна и функционална целина која ќе даде голем допринос за развојот на локалната и национална економија, истовремено имајќи го за цел и анимирањето на интересот кај странските инвеститори за реализација на предложените програми за инвестирање во дравата како ориентација во актуелните економски тенденции.

# 7. Претпоставени влијанија врз медиумите на животната средина

Појавите кои како претпоставка може да се јават од имплементацијата на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1-Производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија (Г1.4-Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, општина Градско може да се анализираат од негативен и позитивен аспект. Извештајот за Стратегиска оцена ги зема во предвид влијанијата врз сите медиуми на животната средина, биолошката разновидност, природата, пределот, културното наследство, луѓето како и влијанијата врз социо-економските можности во општина Градско.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина не ги анализира поединечните развојни проекти, туку влијанијата врз медиумите на животната средина од глобален аспект. Значи, со извештајот се прави само проценка на можните влијанија врз животната средина, додека во подоцнежните фази, преку Студиите за оцена на влијание врз животната средина или Елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска на основа на укажаните ризици се прават детални анализи и препораки.

Имплементацијата на планскиот документ е во функција на компатибилно планирање на просторот согласно постоечката состојба на теренот и уредување на истиот за потреби на компатибилна постоечката активност. Поради отсуство на активности од иста природа, не се очекуваат кумулативни влијанија. Планот и предвидената активност ќе се изведуваат на локација без евидентирани пределски и биолошки значајни карактеристики, природно наследство или други вид на природно значајни карактеристики, оддалечена од зони на домување или друг вид чувствителни рецептори и во зона каде што може да функционира стопанска активност. Околината не се очекува да претрпи значајни промени, кои пак ставени во функција на одржлив развој се очекува да донесат социјални и економски придобивки за општината и вкупната инфраструктура. Со цел правилно вклопување и управување, неопходно е сите можни влијанија да бидат идентификувани, анализирани и земени во предвид во рамките на сите локални стратешки документи и работата на административните органи и јавните претпријатија.

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да

изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

За овој проект се изработува Оцена на влијание на проектот врз животната средина, согласно Прилог 1, точка 19-Инсталација за производство на цемент од Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 74/05 и 109/09). Пред отпочнување со работа оваа инсталација треба да поднесе Барање за Интегрално спречување и контрола на загадувањето (А-ИСКЗ).

## Влијание врз демографскиот фактор

Реализацијата на планот ќе претставува позитивен стимул за демографскиот развој. Исто така, ќе има позитивни влијанија на долгорочна основа и на зголемување на наталитетот, како уште еден позитивен елемент на демографскиот развој. Ова од причина што инвестиционите вложувања за реализација на оваа планска содржина ќе значи отворање на нови работни места и зголемување на животниот стандард и квалитетот на живеење.

## Влијание врз човековото здравје

Заради намената на објектите предвидени надвор од зоната на домување и индивидуалните стамбени објекти не се очекува истите да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на локалното население. Емисијата на прашина и издувни гасови од моторните возила и тешката механизација ќе се покачат во време на изведување на градежни активности.

Можни влијанија врз човековото здравје се неправилно управување со складирањето, ракувањето и преносот на суровини, некористење на филтри, несоодветно управување со отпадот итн.

Обезбедувањето на парковско и заштитно зеленило и останато хортикултурно уредување на просторот ќе биде во функција на подобрување на здравјето на луѓето што е опфатено и со планската содржина во планскиот опфат каде ќе се имплементира планот.

Подетална анализа од евентуалните влијанија врз човековото здравје ќе се разгледаат во останатите документи/дозволи за заштита на животната средина што се законска обврска.

## Влијание врз социо-економската состојба

Имплементацијата на планските решенија дефинирани со овој план ќе има позитивно влијание врз социо-економскиот развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето,

комуналните дејности, градежништвото, трговијата, подобрување на начинот на живот, зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот и сл.

## Влијание врз квалитетот на амбиенталниот воздух

Одредени краткорочни влијанија врз квалитетот на воздухот се очекуваат во време на градба-изведбата на земјени и градежни работи при што се очекува појава на прашина, како фугитивна емисија на најситни честички на прашина и песок.

Во време на градежната фаза треба да се очекуваат, пред се:

- Повремено загадување на воздухот од местата на изведба на градежните активности, од градежните материјали кои ќе се користат и од видот на транспортот на градежните материјали;
- Целата градежна механизација за време на подготовката на теренот ќе има негативно влијание врз квалитетот на воздухот;
- Главен загадувач на воздухот за време на градежните активности ќе биде прашината предизвикана од копање, набивање на тлото, односно земјените работи.

Загадување во атмосферата предизвикано од инсталацијата е прашината која се продуцира при технолошкиот процес на производство на цемент. Најлесно забележливо загадување на воздухот, со кое често се соочуваме во урбаните средини е црниот чад. Всушност, тој е составен од честички, кои се најчести контаминенти на воздухот и тие заедно со сулфурните оксиди ги создале првите проблеми со загадувањето на воздухот. Димензиите на честичките (цврсти или течни), кои се диспергирани во воздухот, се движат од $2 \cdot 10^{-4}$μм (димензии на молекули) до 500μм. Честичките со пречник помал од 10μм се наречени фини честички или аеросоли и долго се задржуваат во воздухот, додека поголемите се познати како груби или таложни честички и можат да се таложат. Дел од честичките можат да се апсорбираат во капките од врнежите и на тој начин се отстрануваат од атмосферата.

Фугитивно и потенцијално загадување на воздухот може да се појави во следните процеси на работа:

- При движење на камионите во рамките на инсталацијата и пристапните патишта, довоз на суровина, одвоз на готов производ;
- Пренос на материјали меѓу фазите во процесот;
- Несоодветно исипувањето на фракции на отворени складишта и
- При струење на посилен ветар низ изложената површина.

Подетална анализа од евентуалните влијанија врз амбиенталниот воздух ќе се разгледаат во останатите документи/дозволи за заштита на животната средина што се законска обврска.

## Влијание врз климатски промени

Со оглед на локацијата на која се предвидува реализацијата на оваа планска содржина не се очекува дека ќе има климатски промени.

Постои опција од искористување на обновливи извори на енергија, соларната енергија како енергетски ресурс кои би ги користел операторот.

## Влијание предизвикано од зголемена бучава

Во фаза на имплементација на планираните активности за инфраструктурно опремување на планскиот опфат и изградба на инфраструктурната мрежа треба да се очекува зголемена бучава. Со оглед на местоположбата на планскиот опфат, надвор од населено место се смета дека бучавата ќе биде занемарлива.

Потенцијални влијанија од зголемена бучава може да се јават при функционалната фаза на инсталацијата:

- При движење на камионите во рамките на инсталацијата и пристапните патишта за довоз на суровина, одвоз на готов производ;
- Движење на скипот при полнење на бункерите;
- Исипувањето на фракции на отворените складишта.

Доколку при имплементација на планскиот опфат се применат мерките дефинирани согласно Стратегиската оцена на влијанијата врз животната средина од секоја посебна активност ќе се намалат очекуваните ефекти од зголемена бучава и ќе се сведат на дозволените нивоа, во согласност со Законот за бучава.

Подетална анализа од евентуалните влијанија од нивото на бучава ќе се разгледаат во останатите документи/дозволи за заштита на животната средина што се законска обврска.

## Влијание од вибрации

При изведба на градежните активности може да се очекуваат вибрации, но тоа ќе бидат со со ограничен интензитет и времетраење.

Во рамките на одделни извори на производната линија може да се појави извор на вибрации.

Подетална анализа од влијанија од вибрации ќе се разгледаат во останатите документи/дозволи за заштита на животната средина што се законска обврска.

## Влијание врз квалитетот на водите

Ако неправилно се управува со отпадните води може негативно да влијаат врз површинските и подземните води и да го загрозат квалитетот на околното земјиште. Планските решенија за комуналната инфраструктурна мрежа и одведувањето на фекалните и атмосферските води од објектите

нема да дозволат истите неконтролирано да се испуштаат. Одведувањето на фекалните отпадни води од локалитетот во конструктивната фаза ќе се врши со помош на мобилни тоалети.

Нарушувањето на квалитетот на водите може да биде резултат од неправилно управување со отпадот. Влијанијата врз водите во оперативната фаза се оценуваат како можни негативни влијанија доколку не се врши третман на санитарни отпадни води.

Поединечните објекти (анекси) и самиот производен процес немаат значителни побарувања за снабдување со вода, претежно за санитарни потреби, бидејќи предвидениот производен процес е од т.н. сув тип.

Подетална анализа од евентуалните влијанија врз квалитетот на водите ќе се разгледаат во останатите документи/дозволи за заштита на животната средина што се законска обврска.

## Влијание врз почвата

Со имплементација на овој план ќе се оствари рационално користење на земјиштето, односно целокупната површина ќе се осмисли со наменска содржина која ќе резултира со веќе спомenатите придобивки. Евентуалните влијанија врз почвата може да произлезат од несоодветно управување со санитарните води, генерираниот отпад, издувните гасови од превозните средства и сл.

Индиректно, негативно влијание на почвата како резултат на издувните гасови од возилата и емисиите од планираниот опфат во планскиот опфат се проценуваат како не многу значајни со оглед на предвидените заштитни зелени зони и природата на предвидените објекти.

Според намената предвидена во опфатот, во оперативната фаза се очекува управување со опасни материи поврзани со процесот на производство. Согласно капацитетот на инсталацијата, не се очекува голем промет на суровини, материјали и сообраќај, ниту отпад, што го ограничува можното влијание.

Подетална анализа од евентуалните влијанија врз почвата ќе се разгледаат во останатите документи/дозволи за заштита на животната средина што се законска обврска.

## Влијание врз пределот

При изградба на објектите и инфраструктурата може да се предизвикаат негативни влијанија врз пределот како резултат на ископувањето на земјиштето и депонирањето на вишокот земја на несоодветни локации. Ваквите влијанија се очекува да се третираат како негативни влијанија со ограничен интензитет и времетраење.

## Влијание врз културното наследство

Културното наследство на регионот е симбиоза на непроценливи материјални и духовни вредности во една урбанистичко-архитектонска целина сочинувајќи нераскинливо единство на традиционални и уметнички вредности и книжевни, документациони фондови, почнувајќи од праисторијата до денес.

Според Законот, доколку се појави некое археолошко наоѓалиште ќе се постапи согласно одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство.

## Влијание врз биодиверзитетот (флора и фауна)

Голем број на активности кои би се одвивале со реализацијата на планскиот опфат може да предизвикаат нарушување на биолошката рамнотежа во областите каде што тие се одвиваат и да имаат директно или индиректно влијанија врз објектите и подрачјата заштитени или предложени за заштита како природно наследство. Потенцијални влијанија можат да се јават како резултат на прекумерната урбанизација, лошата комунална инфраструктура, несоодветното депонирање на отпадни материи и сл.

## Влијание врз материјалните добра

Имплементацијата на овој план ќе ја зголеми економската вредност на земјиштето во регионот.

## Влијание по однос на генерирање на отпад

При реализацијата на планираната инвестиција во планскиот опфат за очекување е генерирање на градежен и земјен отпад и тоа при изведувањето на довод на електрична енергија, канализациона мрежа и водоснабдување. Со планскиот документ треба да биде предвидено отпадот при градбата да се собира и превзема од страна на јавното комунално претпријатие или друг правен субјект.

Во текот на оперативната фаза, имплементацијата на планскиот документ може да резултира со создавање на одредени количини неопасен, инертен и опасен отпад кои ќе бидат одговорност на операторот на идната активност за правилно управување.

Според намената на планот и природата на процесот, не се очекуваат значајни количини отпад кои би имале значително влијание.

Примарната селекција на отпадот треба да се предвиди како континуирана активност.

Подетална анализа од евентуалните влијанија по однос на генерирањето на отпад ќе се разгледаат во останатите документи/дозволи за заштита на животната средина што се законска обврска.

## Влијание од несреќи и хаварии

Можни несреќи и хаварии кои би настанале од имплементацијата на овој плански опфат е појава на пожар, елементарни непогоди и други хаварии. Во планскиот опфат се разработени мерки за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природните катастрофи.

За успешно функционирање на заштитата од несреќи и хаварии предвидени се мерки за заштита од пожари, односно сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот да овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичниците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектите.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.

# 8. Мерки за заштита, намалување и неутрализирање на значајните влијанија врз животната средина од имплементација на планскиот документ

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на  Уставот на Република Македонија (член 8) и е регулирана со Законот за животна средина, како и останатите закони и подзаконски акти кои се наведени во овој Извештај. Овој Извештај, кој се базира на релевантните податоци од Просторниот план на Република Македонија, Националниот Еколошки Акционен План, секторски студии за одредени области, како и податоци утврдени на самиот локалитет, предвидува и мерки за заштита на животната средина од влијанијата кои се очекуваат со имплементацијата на планската документација, а кои е потребно да се испочитуваат во текот на подготовката на планската документација.

Овој Извештај, кој се базира на релевантните податоци од Просторниот план, Националниот Еколошки Акционен План, секторските студии, за одредени области, како и податоци утврдени на самиот локалитет, предвидува и мерки за заштита на животната средина од влијанијата кои се очекуваат со имплементацијата на планската документација.

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од пасивниот пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува:

- Селектирано и организирано депонирање на отпадот во депонија;
- Зачувување на амбиенталните и естетските потенцијали на просторот;
- Изградба на современа инфраструктура;
- Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација, како и да ја стави во функција животната средина во состојба како пред оштетувањето;
- Спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство;

- Доследно спроведување на планот.

Во поглед на озеленувањето, да се планираат соодветни профили на дрвореди покрај објектите. Изборот на зеленило треба да се усогласи со условите за заштита и негова намена. Диспозицијата на високите дрвја да биде усогласена со трасите на подземните инсталации, додека изборот на видот на озеленувањето да биде во согласност со условите во работната средина, односно способноста на повеќе апсорпција на штетни гасови и кои немаат посебен третман за одржување. Согласно Законот за урбано зеленило, процентуалната застапеност на зелената површина да се дефинира со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање зависно од локацијата, намената и големината на градежната парцела.

Зеленилото во околината има повеќе функции: обезбедување на чист воздух, регулација на хидролошкиот циклус, застапеност на биолошката разновидност, регулирање на микроклиматските услови, како бариера од бучава, естетска улога, психолошка, социјална, но и спортско-рекреативна улога. Сите овие и уште многу други функции на зелените површини не е можно да бидат заменети од друг фактор. Зеленилото има позитивно влијание врз концентрациите на загадувачките материи бидејќи делумно се елиминираат или пак целосно се неутрализираат. Исто така, зеленилото ја намалува температурата бидејќи дрвјата обезбедуваат сенка, а со тоа се овозможува и ладење на површините. Сите овие фактори операторот на инсталацијата треба да ги земе во предвид при што се очекува намалување на прашината и евентуалната бучава што би произлегла од работата на инсталацијата како и од користењето на пристапните и локалните патишта по кои се движат камионите.

Оваа инсталација треба да претставува најнова технологија со приближно 100% заштита на животната средина во однос на сите емисии во животната средина. При проектирањето на истата треба да се превземат и применат НДТ се со цел зачувување на животната средина. Оваа инсталација ќе биде со следните карактеристики:

- Без оглед на близината за снабдување со суровини пристапните патишта во сувите, сончеви и ветровити периоди треба редовно (повеќе пати во текот на денот) да се прскаат со вода со помош на цистерна;
- Суровините да се складираат во т.н. боксови за различна гранулација и при ветровито време треба да се прскаат со вода за да се спречи фугитивна емисија и целосно искористување на суровините каде загубата е сведена на минимум. Транспортот на суровините до мешалката да се изведува низ транспортни ленти кои се покриени, така што фугитивните емисии се сведени на минимум. Прскање на работните површини и куповите материјал, особено во сушните месеци со вода, за редукција на фугитивните емисии на прашина;
- Со цел намалување на емисијата на прашина треба превентивна мерка влажнење на валците по пат на распрскување на вода како и со повремено прскање (квасење на подот) со вода и миење на целата

инсталација по завршување со работата со што се овозможува намалување на емитираното количество на прашина;

- Затворено складирање, ракување и пренос на суровини (да се користат целосно покриени транспортни ленти поврзани на соодветни постројки за намалување на емисиите);
- Точките на транспортните ленти треба да бидат сведени на минимум и треба да бидат така дизајнирани да има минимален слободен пад, да бидат целосно затворени и поврзани со соодветна постројка за задржување;
- Задолжително селектирање на отпадот (стари акумулатори, искористено масло, метални делови, доколку се врши сервис на локацијата), потоа неопасен отпад и отпад од пакување, кои ќе се предаваат на правни лица со дозволи за транспорт/собирање/складирање на секундарни суровини;
- Цврстиот отпад кој ќе се генерира да се селектира и складира на одредени места во обележани садови за таа намена се до нивно превземање;
- Употребата на суровинските материјали кои што имаат ниска содржина на сулфурни оксиди може во голема мера да ги намали емисиите на NOx;
- Во случај да се употребуваат суровини со голема концентрација на сулфур, се користи додавање на адитиви кои што имаат својство да извршат намалување на количеството на содржан сулфур во суровината (на пример, песокот) или пак кај сулфурните глини емисиите на NOx се намалуваат преку ефектот на растворање;
- Употребата на горива кои што имаат ниска содржина на сулфур, како што е природниот гас кои резултираат со намалени емисии на NOx;
- Со минимизирање на азотните компоненти во суровинските материјали и адитивите може да дојде до намалување на NOx емисиите;
- Да се предвиди како периметрално решение околу поединечните објекти (анекси) и со што ќе се овозможува одводнување на атмосферските води од кровните површини и од околната патна инфраструктура со помош на сливни решетки. Согласно поставеноста на планираната идна атмоферска мрежа се предвидени и маслофаќачи пред атмосферските води да се одведат до попивателен бунар;
- Фекалната канализациона мрежа да се предвиди како периметрално решение околу поединечните објекти (анекси) и со што се овозможува поврзување и одведување на фекалните води до локална пречистителна станица во рамките на парцелата;
- Сите постројки да бидат сместени во затворени објекти при што ќе се намалува нивото на бучавата во околината.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз демографскиот фактор***

Имплементацијата на планскиот документ позитивно ќе влијае на демографскиот развој и затоа не се препорачуваат мерки за заштита.

Реализација на планската документација ќе влијае во насока на намалување на економската миграција на локалното население кон поголемите центри и ќе претставува позитивен стимул за демографскиот развој како и зголемување на наталитетот на долгорочна основа. Инвестиционите вложувања за реализација на оваа планска содржина ќе значат зголемување на животниот стандард и квалитетот на живеењето, како и привлекување на нови инвестиции од страна на бизнис секторот.

Според тоа, може да се каже, дека имплементацијата на планот ќе има позитивни долгорочни влијанија врз развојот на демографските карактеристики на општина Градско и пошироко.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз човековото здравје***

Интегралната реализација на предложените мерки во сите фази на инвестициониот циклус е во насока на намалување на можните влијанија врз животната средина кои може на директен или индиректен начин да се рефлектираат врз здравјето на луѓето. Цврстиот отпад што би се јавил во рамките на планираниот опфат е потенцијална опасност. Затоа се предлага (интегрирано управување), организирано собирање и транспортирање до местото наменето за отпад. Отпадната вода потребно да се третира и соодветно да се постапува согласно планската документација.

Доследното спроведување на планските решенија, ќе доведе до директна заштита на човековото здравје.

Примената на сите мерки ќе овозможи елиминирање на евентуалните влијанија врз животната средина кои може да се рефлектираат на директен или индиректен начин врз здравјето на човекот.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз социо-економската состојба***

Реализацијата на планскиот документ позитивно ќе влијае на социо-економската состојба на населението, ќе го подобри квалитетот на живеењето и ќе го зголеми стандардот на населението. Со планскиот документ ќе се зголеми економскиот раст и ќе се намали бројот на невработени во регионот.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз амбиентниот воздух***

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

При проектирање и реализација на планот потребно е да се применат современи техники кои го заштитуваат воздухот од загадување. Објектите од аспект на еколошка заштита не смеат да ја нарушат постојната еколошка рамнотежа и истите е потребно да бидат изведени согласно сите стандарди и нормативи од ваков вид. Согласно активноста на инсталацијата операторот ќе подлежи на изработка на Оцена на влијание на проектот врз животната средина, согласно Прилог 1, точка 19-Инсталација за производство на цемент од Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина. Пред отпочнување со работа оваа инсталација треба да поднесе Барање за Интегрално спречување и контрола на загадувањето (А-ИСКЗ).

Зависно од класата во која спаѓа објектот што го загадува воздухот потребно е да се утврди зона за санитарна заштита. Ширината на зоната за санитарна заштита се мери во права линија од изворот на загадувањето и зависи од ружата на ветрови, географско-климатските, топографските и метеоролошките услови на предметната локација.

За намалување на влијанијата врз квалитетот на амбиентниот воздух од имплементацијата на планот се предлагаат следните мерки:

- Користење на современи транспортни средства и механизација при вршење на градежните работи, согласно стандардите на ЕУ;
- Избегнување на користењето на дрвата и фосилните горива како енергетски ресурс;
- Користење на природен гас или користење на електрична енергија како енергенс за затоплување при што нема да има никакви загадувачки емисии или создавање можност за искористување на обновливи извори на енергија;
- Подигање на зелени зони на ниско и високо зеленило околу граничната линија на планскиот опфат и во должина на пристапните патишта;
- При планирањето и изградбата на објектите приоритет да се дава на најдобро достапните техники и инсталации;
- Користење на обновливи извори на енергија како енергетски ресурси кои што се во директна насока на подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух;
- За подобрување на квалитетот на воздухот во опфатот, на сите слободни површини да се предвидат зелени површини, односно да се предвиди формирање на појаси со заштитно зеленило, ниско и средно, со долг вегетациски период се со цел нивно функционално развивање како и додатно намалување на евентуалното аерозагадување;
- Мерење на физичко-хемиски штетности во амбиентален воздух од системот за отпрашување на гасови од ротационата сушара и силосот за филер, односно складирањето на филерот (минимум два пати годишно);

- При нормална работа, со исклучок на периодите на стартирање или пак исклучување, емисиите во воздух не треба да бидат со видлив дим и не треба да имаат мирис кој би можел да биде детектиран надвор од границите на инсталацијата;
- Сите емисии во воздухот, освен пареа и кондензирана водена пареа, не треба да содржат капки од перзистентна магла и перзистентен чад;
- Сите емисии во атмосфера не треба да содржат видлив дим. Ако, поради причина на одржување, емисиите на дим се предизвикани поради повторно стартување од ладно, истото не треба да трае подолго од 20 минути во било кој период од 8 часа и сите практични чекори треба да се преземат да се минимизира емисијата.

Суровините треба да се складираат во т.н. боксови за различна гранулација и при ветровито време треба да се прскаат со вода за да се спречи фугитивна емисија.

Со целосното искористување на суровините, загубата ќе биде сведена на минимум. Транспортот на суровините до дробилката треба да се изведува низ транспортни ленти кои се покриени, така што фугитивните емисии ќе бидат сведени на минимум.

Центрифугалните сепаратори вршат подобро одвојување на прашината во случаи кога воздухот е позагаден, но тоа треба да биде во оние граници на негово загадување во кои нема да дојде до заглавување на машината за сепарација.

Се препорачува користење на филтери во форма на кеси кои функционираат така што воздухот кој што е полн со прашина поминува низ нив и при тоа врши наталожување на прашината на самата површина на филтрите така што се формира талог во форма на колач. Фабриките кои што поседуваат прочистувачки системи базирани на филтер ќеси имаат високо развиена способност за задржување на прашината, со вообичаено вредност на задржување од 98 до 99%, во зависност од типот на честиците, на присутната прашина. Филтер ќесите кои што влучуваат и функција која што се однесува на сопствено прочистување, треба така да се инсталираат за да можат да прочистуваат количина на воздух кој што се мери во однос на специфичната филтер површина за влезен проток која што треба да биде со големина не помала од 2 [$Nm^3/(m^2xmin)$], така што ќе може да се одредат концентрациите на чист воздух. Собирањето, одвојувањето и повторната употреба на одвоената прашина врши намалување на потрошувачката на суровински материјали. Филтер ќесите се конструирани така што не можат да издржат загревање на повисоки температури, а овој нивен недостаток особено се однесува на температурите на влажните испусни гасови кои што се близу до температурата на нивно кондензирање. Многу значајно е да се има во предвид ова својство на филтер ќесите во случај да дојде до појава на запушување на филтер ќесите така што ќе се отежни нивното последователно сушење и чистење, при што како последица е појавувањето на тврда кора во филтер ќесите. Ова драстично ќе ги зголеми трошоците кои што се однесуваат на одржувањето и потрошувачката на електрична енергија, како и зголемување на времето на производствениот процес.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз климатските промени***

Со оглед на локацијата на која се предвидува реализацијата на оваа планска содржина не се очекува дека ќе има нарушување на квалитетот на воздухот на микро план и поширокиот регион или климатски промени. Мерките за намалување на влијанијата се примена на дејности со примена на современи техники и инсталации, употреба на обновливи извори на енергија, употреба на еколошки горива за превозните средства, подигање на заштитни зелени појаси во и околу кругот на опфатот и на пристапните патишта.

Замената на согорувачките процеси на тешките нафтени горива или пак од согорувачки процес кој што работи врз база на цврсти горива, во процес на согорување кој што функционира врз база на гасни горива (како што се: природниот гас, течен петролеум гас (ТПГ), како и втечнетиот природен гас (ТНГ) може да доведе до подобрување на ефикасноста на согорувањето, како и подобрување на техниката во правец на елиминација на брзите емисии кај многу процеси.

Цврстите горива обично во процесот на нивно согорување произведуваат ситен прав, така што со самото заменувањето на овој процес на согорување со процес на согорување кој што работи врз база на гасно гориво, во некои случаи може да ја избегне потребата од скапи процеси за редуцирање на емисиите на прашина кои што се карактеризираат со голема енергетска потрошувачка. Гасните бренери се подложени на високо софистицирани системи за автоматска контрола, така што ова инвестирање резултира во заштеди на гориво, зачувување на функционалноста, односно продолжување на животниот век на самите бренери, како и во зголемена редукција на потрошувачката во однос на специфичниот тип енергија. Употребата на нафтеното гориво наместо употребата на тешко нафтено гориво или пак цврсто гориво може да изврши редукција на брзите емисии на неискористена топлина добиени од процесот на согорување.

Употребата на природниот гас, течниот петролеум, втечнетиот природен гас води кон редуцирање на емисиите на енергија кои што се поврзуваат со емисиите на $CO_2$ заради ниската содржина на сулфур. Исто така, како влијателни фактори во однос на природниот гас, течниот петролеум и втечнетиот природен гас се и нивните повисоки вредности за нивото на содржинскиот водород/јаглерод. Тие имаат повисоки вредности за нивото на содржинскиот водород/јаглерод за разлика од нивоата на содржински водород/јаглерод кај тешките нафтени горива или пак кај цврстите горива, па затоа при нивното согорување ќе се изврши помало емитирање на јаглерод диоксид (приближно 25% помало количество на емитиран $CO_2$ кога имаме случај на согорување на природен гас) при еквивалентни надворешни емисии на $CO_2$.

Употребата на алтернативните, односно секундарните извори на гориво, кои што можат да бидат од органско потекло, на пример био-горивото добиено од фосилните остатоците на месо и коски, како и од неорганско потекло, на пример отпадна нафта, раствори, (како на пример оние раствори кои што се употребуваат во процесите на продуцирање

производи со различен содржински состав вршат редукција на количеството на суровинското фосилно гориво, како и на емисиите на $CO_2$.

***- Мерки за заштита од бучава***

Прашањето за намалување на проблемите со бучавата треба да се решава со обезбедување на линеарно зеленило. Исто така, во опфатот и пристапните патишта да се предвидат заштитни зелени појаси и формирање на хортикултурни насади за додатно смалување на аерозагадувањето и бучавата.

При планирањето на објектите потребно е да се предвидуваат технологии и техники кои ќе допринесуваат за редукција на загадувањето со бучава и доведување на истото во законски дозволените параметри. Редовна контрола на ефикасноста на механизацијата и технолошките линии и доколку има потреба истите ќе бидат заменети.

Се препорачува мерење на нивото на бучава (минимум два пати годишно, минимум на четири мерни места) при што измерените вредности треба да бидат во дозволените гранични вредности.

Доколку во времето на имплементација на планот се увиди потреба од воведување на дополнителни мерки на заштита од бучава, истите ќе се спроведат.

***- Мерки за намлување на влијанијата од вибрации***

Имплементацијата на планската документација нема да предизвика значителни вибрации поради што нема да се воведат некои посебни мерки.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз почвата***

Ерозијата на подлогата е природен процес, кој што егзистира низ геоисторијата и најголем осврт се дава на т.н. забрзана ерозија, каде што интензитетот на нормалната (геолошка) ерозија е неколку пати зголемен поради хуманите активности. Ерозијата на почвата е означена како најзначаен, најопасен и најраширен тип на деградација на почвата и е лимитирачки фактор за одржливо користење на земјиштето. Почвата може да биде еродирана поради дејство на ветер и вода. Овој извештај не е во можност да даде детали за противерозивните и противпороjните мерки за содржината во опфатот. Деталниот обем на мерки и активности, нивната прецизна локација и површинска поставеност во просторот, ќе бидат дефинирани со основни-изведбени проекти, врз основа на детални геодетски, геотехнички и други теренски снимања и проспекции.

За намалување на влијанијата врз почвата се предлагаат следните елементи:

- пред започнување на нова градба, инвеститорот да организира собирање на градежниот отпад, негово депонирање или искористување во инвестиционите активности;

- интегрирано управување со отпадот и негова селекција.

За чиста и незагадена почва треба да се обезбеди поголема контрола при употребата на материјалите и суровините кои ќе се користат во прометот и работењето во објектите. Доследната примена на планските решенија од страна на операторот ќе биде доволна гаранција за евентуалните влијанија (загадување и ерозија) да бидат сведени на минимум.

Од инсталацијата не се очекува да има емисии во почвата.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз флората и фауната***

Од областа на заштита на природата (природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност), урбанистичката планска документација треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Отстранување, односно намалување на штетните влијанија на токсичните гасови и загадувачи како и другите штетни агенси кои настануваат при работата, подобрување на климатските услови во работната средина, ветрозаштитна бариера околу комплексот може да се постигнат со озеленување на просторот кој што се наоѓа околу инсталацијата и на околните пристапни патишта.

Планот и предвидена активност предвидено е да се изведуваат на локација без евидентирани пределски и биолошки значајни карактеристики или други вид на природно значајни карактериттики, оддалечена од зони на домување или друг вид чувствителни рецептори и во зона каде што веќе функционира стопанска активност.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз пределот***

Предвидената содржина во планската документација треба да биде вклопена во околниот пејзаж и да придонесе кон зачувување и подобрување на естетските потенцијали на пределот. Со изработка на планот просторот добива нова димензија во функција на зголемување на атрактивноста на подрачјето и зголемување на неговата вредност.

Имплементацијата на планот ќе има позитивно влијание на пределот, ќе делува како една осмислена урбанизирана целина во која покрај објектите треба да се предвидат зелени површини со хортикултурно уредување.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз материјалните добра***

При спроведување на стратегија за организација и користење на просторот за економски активности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност, заштита на природните и создадените ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациска

флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот. Имплементацијата на планскиот документ има позитивно влијание врз материјалните добра и затоа не се препорачуваат мерки за влијанијата.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз културното наследство***

На локацијата констатирано е дека во границите на опфатот на планот не постои регистрирано, ниту евидентирано културно наследство. Според Законот, доколку се појави некое археолошко наоѓалиште ќе се постапи согласно одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство.

***- Мерки за намалување на влијанијата од управување со отпад***

Согласно Законот за управување со отпад создавачите на отпад се должни во најголема мера да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Во случај на истекување на масло од механизацијата на околното земјиште, загадената почва да биде отстранета и соодветно дислоцирана, согласно законските прописи од областа на управувањето со отпадот.

За комуналниот отпад се препорачува собирање во контејнери за отпадоци, определување на места за подигање на отпадот.

- Во оперативната фаза на планираните објекти, градежниот отпад да се собира, селектира и истиот кој ќе нема употребна вредност да се превзема од страна на комуналното претпријатие или овластено правно лице;
- Комуналниот отпад да се собира во контејнери, а потоа комуналното претпријатие да врши евакуација;
- Трајното депонирање или одлагање на отпадот во планираниот опфат или надвор од предвидените садови за одлагање да биде најстрого забрането.

Празната амбалажа од отпадните маса (метални буриња и канти) треба да се складираат на одредено место за опасен отпад се до нивно преземање. Пакувањето на маслата треба го превземаат фирмите кои се добавувачи на маслата (тоа е законска обврска) или овластен собирач. Отпадното масло ќе се складира на складот за опасен отпад и ќе се презема од страна на правни лица кои имаат дозвола за транспорт/собирање и складирање на отпадни масла. Истрошените акумулатори од опремата и отпадни батерии треба да се собираат посебно и да се предаваат на правни лица кои имаат дозвола за ракување со ваков вид на отпад. Исто така, истрошената електрична и електронска опрема треба да се складира на посебно означено место и да се предава на правни лица за собирање/складирање на електрична и електронска опрема.

Одредување на место на локацијата која ќе биде бетонирана и ќе претставува склад за опасен и неопасен отпад, покриен со настрешница за

заштита од атмосферско влијание и изградба на прифатно корито за евентуално истекување на материи од овој склад.

Другиот цврст комунален отпад ќе се собира во други контејнери кои подоцна ќе се одлагаат на депонија.

Според природата на материјалите (суровините) и готовите производи во инсталацијата треба да се посвети посебно внимание на создадениот отпад, односно негова реупотреба, рециклирање или безбедно одлагање. Како идентификуван отпад кој се создава од реализација на дејноста е следниот:

- Вкупни отпадни масла (хидраулично и моторно). Привремено треба да се складираат во метални буриња во рамките на локацијата, а потоа да се предаваат на овластена фирма за третман на ваков вид на отпад.
- Отпадната прашина од врекастите филтри да се враќа назад во производството.
- Измешан комунален отпад продуциран од вработените, да се собира во контејнери во рамки на инсталацијата.
- Стари гуми од механизација да се складираат, а потоа да се предаваат на овластена фирма.
- Истрошени делови од возила и опрема, да се складираат во магацин, а потоа се предаваат на овластена фирма.
- Акумулаторски батерии, да се складираат, а потоа да се предаваат на овластена фирма.
- На локацијата задолжителен е треман на отпадни води.
- Операторот да води евиденција за генерираниот отпад и да пополнува Идентификационен и Транспортен формулар за разни фракции отпад при предавање на отпадот на овластен собирач и редовно да ги известува надлежните органи.

Овие елементи ќе овозможат спречување на загадувањето на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работната средина воопшто.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз квалитетот на површинските и подземните води***

Заштитата на водата се третира како превентивна заштита. Превентивната заштита на водата при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации се однесува на нивна монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Водовите да се поставаат во се према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето.

Идентификувани извори на емисии на отпадни води во опфатот ќе бидат санитарните води. Ако неправилно се управува со истите може негативно да влијаат врз површинските и подземните води и да го загрозат квалитетот на околното земјиште и здравјето на луѓето.

Секој субјект е должен во текот на своите активности да превзема мерки со кои ќе се спречи загадувањето на водите и да избегнува активности кои би предизвикале ризици и негативни ефекти врз животната средина.

При реализација на предвидените активности на терен да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот и количината и режимот на површинските и подземните води.

- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените работи и ископувања и нивно прекривање со вегетација. Мерките за контрола на ерозивните процеси за време на изградбата вклучуваат примена на оградувањата на нагибите;
- Пред почетокот на било какви градежни работи неопходно е приклучување на водоводна и канализациона мрежа;
- Канализациониот систем да биде решен по сепарациски систем (да биде одвоено одведувањето на фекални и атмосферски води);
- Соодветно управување со отпадот;
- Правилно складирање и чување на суровини за работа;
- Запазување на целите на животната средина и почитување на поставените стандарди.

Од инсталацијата не се очекуваат емисии во вода (различни од емисиите од канализација), односно работата на инсталацијата нема да резултира со никакви испуштања во површински води. Да се предвиди како периметрално решение околу поединечните објекти (анекси) и со што ќе се овозможува одводнување на атмосферските води од кровните површини и од околната патна инфраструктура со помош на сливни решетки. Согласно поставеноста на планираната идна атмоферска мрежа се предвидени и маслофаќачи пред атмосферските води да се одведат до попивателен бунар. Фекалнат канализациона мрежа се планира со поврзување и одведување на фекалните води до локална пречистителна станица во рамките на парцелата.

За посебни објекти ако има потреба ќе се изработат програми за контрола и обезбедување на квалитетот на соодветните производни програми за миење и санација на опремата и просторот.

***- Мерки за намалување на влијанијаша од несреќи и хаварии***

За намалување на можните влијанија предизвикани од несреќи и хаварии се препорачува имплементација на мерките дадени во планската документација, во фазата на изградба, што ќе овозможат минимизирање на евентуалните појави за несреќи и хаварии во оперативната фаза.

За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во за тоа предвидените центри.

Обврската за планирање и изградба на засолништа заради заштита на населението од воени разурнувања во станбените, стопанските, деловните јавните и другите видови на градежни објекти е уредено со повеќе закони и подзаконски акти и тоа:

- Законот за одбрана („Сл. Весник на РМ" бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15);
- Законот за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18);
- Законот за управување со кризи („Сл. Весник на РМ" бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15 и 39/16);
- Уредба за начинот на изградбата, одржувањето и користењето на засолништата и другите заштитни објекти и определувањето на потребниот број засолнишни места („Сл. Весник на РМ" бр. 80/05);
- Уредба за спроведување на засолнувањето („Сл. Весник на РМ" бр. 93/05);
- Уредба за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед („Сл. Весник на РМ" бр. 105/05);
- Одлука за утврдување на загрозени зони („Сл. Весник на РМ" бр. 105/05).

***- Мерки за заштита и спасување***

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката, односно локалната самоуправа согласно Законот за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) и Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите како и учество во техничкиот преглед („Сл. Весник на РМ" бр. 105/05 и 98/05).

Заради организирано спроведување и спасувањето, учесниците во системот донесуваат План за заштита и спасување од природни непогодии и други несреќи. Истиот треба да содржи превентивни и оперативни мерки и постапки за заштита и спасување. Во зависност од наменети на објектите кои ќе се градат да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Мерката засолнување ќе се остварува согласно член 62 од Законот за заштита и спасување која опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавни засолништа. Потребниот број на засолнишни места се утврдува според намената на објектите и новопроектираната корисна површина, а степенот на заштитата се определува според утврдениот

потребен број на засолнишни места и Одлуката за утврдување на загрозени зони („Сл. Весник на РМ” бр. 105/05).

Јавните засолништа се планираат согласно програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмите на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите ќе се вградуваат во урбанистичкиот проект.

Мерката заштита од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.

Во урбанистичките решенија ќе се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно се измолошката карта на Република Северна Македонија, изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

***- Мерки за заштита од пожар***

Мерката заштита од пожари ќе се применува при изработка на Основните проекти за предвидените објекти, а согласно намената на објектите ќе се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари експлозии и опасни материи согласно Законот за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ” бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Законот за пожарникарство („Сл. Весник на РМ” бр. 67/04) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област. Громобранската инсталација ќе се реши со Архитектонско-урбанистичките проекти за секој објект посебно со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

- Оддалеченоста на објектите со различни намени и отпорност на пожари на конструкциите внатре, треба да овозможи спроведување на мерките за заштита од пожар.
- Ширината, носивоста и проточноста на патиштата треба да овозможи пристап на ПП возила до секој објект и негово маневрирање.

Објектите треба да се градат од несогорливи материјали со отпорност на конструктивните елементи согласно дадените нормативи.

***- Мерки за заштита од природни катастрофи***

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет над $6^0$ според МЦС скала, потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите, односно нивното растојание треба да е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

***- Мерки за заштита од технолошките катастрофи***

Под технички катастрофи се подразбираат пожари, експлозии, контаминација на воздухот и водата, хемиски загадувања и други несреќи и други причини кои можат да доведат до масовни несреќи, губитоци на човечки животи и материјални богатства.

# 9. План на мерки за мониторинг на животната средина

За изработка на ефективен план за управување, неопходно е најнапред да се спроведе оцена на статусот на сите природни вредности вклучувајќи го и здравјето на човекот. Во следниот чекор се определуваат цели и приоритети за управување. Дали превземените мерки и активности ги даваат посакуваните резултати се утврдува преку континуиран мониторинг. Податоците од мониторингот ќе бидат основа за изработка на следниот план за управување. Според тоа, мониторингот е составен дел од кружниот процес на планирање на управувањето.

Основни цели на планот за мониторинг се:

- Подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард;
- Заштита на животната средина со имплементација на Планот;
- Одржување на постојано ниво на хортикултурно уредување;
- Подобрување на квалитетот на воздухот;
- Зачувување на кавалитетот на почвата;
- Минимизирање на отпадот преку селектирање на истиот;
- Минимизирање на појави од несреќи и хаварии.

Сепак, тоа најчесто се постигнува низ осмислени научни истражувања чија главна цел е да ги опишат процесите на екосистемите вклучувајќи ги и законите кои влијаат врз нив.

Еколошкиот мониторинг се однесува на последователни мерења во екосистемите со главна цел определување на трендови во компонентите, процесите или функциите.

Со секој предлог мерки за заштитата на животната средина потребно е да се изготви план за мониторинг на предложените мерки и мониторинг на животната средина. Во современото планирање на просторот, задачите на заштита на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната средина.

Што се однесува до изработката на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1-Производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија (Г1.4-Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, општина Градско, особено треба да се има во предвид близината на обработуваниот простор. Доколку при изработка на планот и уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природни реткости кои може да бидат загрозени потребно е да се преземат мерки за заштита согласно Законот.

Планот на мониторинг предвидува следење на следните параметри во животната средина:

- Следење на квалитетот на амбиенталниот воздух;
- Следење на квалитетот на почвата;
- Следење на нивото на бучавата.

Со овој план ќе се овозможи:

- Потврда дека договорените услови при одобрување на проектот се соодветно спроведени;
- Управување со непредвидени влијанија и промени;
- Потврда дека влијанијата врз медиумите на животната средина се во рамките на предвидени или дозволени гранични вредности;
- Потврда дека со примена на мерките се врши заштита на животната средина, односно намалување на негативните влијанија.

# 10. Нетехничко резиме

Со самото реализирање на оваа планска задача се добиваат податоци за почвата, воздухот, водата, климатските фактори, населението, здравјето на луѓето, материјалните добра и др. и се создаваат услови за изнаоѓање на причините врз основа на која се одбираат алтернативите и се предвидуваат мерки за заштита и намалување на влијанијата. Со идентификацијата на можните проблеми треба да се рационализираат трошоците и да се направи најсоодветен избор на мерките за заштита на животната средина. Резултатот од учеството на јавноста треба да се земе што е можно повеќе.

Оцената на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина и здравјето на луѓето е постапка со која се проценуваат ефектите врз животната средина и здравјето на луѓето од спроведувањето на предложените документи. Целта е можните ефекти да бидат земени во предвид во раната фаза на подготовката на документите вклучувајќи ги и промените на истите.

Извештајот на овој плански документ ги опфаќа податоците за:

- Постојната состојба на планскиот опфат;
- Потенцијалните влијанија врз населението, здравјето на луѓето, флората, фауната, почвата, воздухот, водата, климатските фактори, материјалните добра, културното наследство и др.;
- Мерките за заштита и намалување на влијанијата;
- Краток преглед за причините врз основа на кој се одвиваат алтернативите;
- Состојбата на животната средина без имплементацијата на планот;
- Планот за мониторинг на животната средина.

Реализацијата на овој урбанистички проект ќе оствари удел во развојот на економските активности во локалната и национална економија. Меѓутоа, појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развитокот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.

Индустријата и инфраструктурните активности се водечки стопански дејности и двигател на развојот на вкупната економија и имаат значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на одржлив развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна

алокација на производните капацитети засновани на принципите на еколошка заштита.

Сите активности во просторот треба да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- мрежата на инфраструктура;
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Поволната поставеност на опфатот, во однос на општина Градско со постојните инфрастуктурни системи, овозможува одржлив развој на стопанството за вакви и слични намени што ќе бидат во интегритет со еколошки чистиот предел. Во поглед на заштита треба да се почитува се она што значи стандард кој е зацртан генерално за населбите во најблиска околина. Со валоризацијата на овој простор ќе се зголеми неговата социјална и економска оправданост.

Проектниот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1 - Производство на енергија и тешка загадувачка индустрија (Г1.4 - Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, Општина Градско, зафаќа површина од 102052м$^2$ (10,2 ха) и неговата местоположба е ограничена на површината на катастарските парцели на дел од КП 55/1 и дел од КП 54/2, КО Згрополци, Општина Градско.

Проектниот опфат кој е предмет на уредување со урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1 - производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија (Г1.4 - тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, општина Градско, во рамки на земјиште кое е во државна сопственост и зафаќа површина од приближно 10,2 ха.

Во близина на планскиот опфат е застапена сообраќајна инфраструктура, односно покрај проектниот опфат поминува регионалниот пат Р1102 (Р-103). Согласно податоците и информациите добиени од Јавното претпријатие за државни патишта, бр. 10-7962/2 од 30.07.2024 година, констатирано е дека покрај приложениот проектен опфат поминува регионалниот пат Р1102 (Р-103), за кој во плановите на Јавното претпријатие

за државни патишта не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса.

Согласно податоци и информации добиени од Министерство за култура - Управа за заштита на културно наследство, допис бр. 17-2557/2 од 09.08.2024 година, констатирано е дека на подрачјето на предметниот проектен опфат пронајдени се повеќе археолошки остатоци, воедно на подрачјето лежи археолошкиот локалитет Керамидница (населба од римско време) со ЕМБ 4-831-032/385 Е НД - добро за кое основано се претпоставува дека претставува културно наследство. Дополнително е наведено да се контактира НУ Национален конзерваторски центар - Скопје како надлежна установа за заштита на културното наследство да извршат увид во границите на предметниот проектен опфат и да се произнесат со стручно мислење. Потребните податоци од аспект на заштита на културното наследство во врска со член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) е потребно да се вградат во планската документација.

Согласно погоре наведеното, според податоци и информации добиени од НУ Национален конзерваторски центар - Скопје, допис бр. 08-359/3 од 09.10.2024 година, констатирано е дека археолошкиот локалитет Керамидница се наоѓа надвор од границите на проектниот опфат и истите не загрозуваат позиции со археолошка содржина.

Со писмен допис бр. 03-97/3 од 15.07.2024 година и 03-97/8 од 16.08.2024 година, побарани се податоци и информации од ЈП Водовод и канализација и не е добиен повратен одговор.

Со писмен допис бр. 03-97/3 од 15.07.2024 година и 03-97/8 од 16.08.2024 година, побарани се податоци и информации од ЈКП Клепа - Градско и не е добиен повратен одговор.

Согласно известувањето од АД Водостопанство на РМ Скопје бр. 11-1674/3 од 16.09.2024 година и бр. 11-1676/3 од 16.09.2024 година, во рамките на предметниот проектен опфат институцијата нема свои објекти и инфраструктура.

Согласно податоците и информациите добиени од Номагас АД Скопје, бр. 09-3628/2 од 16.07.2024 година, на предвидениот проектен опфат нема изградено ниту планирано гасоводна мрежа.

Согласно податоците и информациите добиени од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, бр. 10-23/6-276 од 22.08.2024 година, наведено е дека во рамки на предметниот проектниот опфат има постојна инфраструктура, и тоа:

- постоен 10(20)кВ столб;
- постојна 10(20)кВ надземна мрежа.

Согласно известување од АД Мепсо, бр. 11-4782/1 од 17.07.2024 година, наведено е дека предметниот проектен опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД Мепсо.

Согласно известувањето од АД Електрани на Северна Македонија-Скопје, бр. 08-4557/1 од 23.07.2024 година, наведено е дека во близина на

предметниот проектен опфат, согласно Префизибилити студијата за Вардарска долина, изработена од 2017 година, се планирни идните локации на ХЕЦ Згрополци 1, ХЕЦ Згрополци 2 и ХЕЦ Градско 1.

Согласно податоците и информациите добиени од Македонски Телеком АД-Скопје, бр. 63634 од 15.07.2024 година, во границите на проектниот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Согласно податоците и информациите добиени од Агенција за електронски комуникации, бр. 1404-2368/3 од 17.09.2024 година, на посочената локација институцијата нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Согласно податоците и информациите добиени од А1 Македонија ДООЕЛ Скопје бр. 11-4495/1 од 16.07.2024 година, во предметното подрачје претпријатието има постојни подземни инсталации, и тоа:

- подземен кабел;
- оптички кабел;
- ров.

Согласно податоците и информациите добиени од Одделот за информатика и телекомуникации, Сектор за телекомуникации при Министерство за внатрешни работи бр. 11.2.83000/2 од 05.09.2024 година и бр. 11.2.91974/2 од 05.09.2024 година, на посочената локација постојат инсталации во надлежност на министерството.

Согласно податоците и информациите добиени од Јавното претпријатие за железничка инфраструктура - Железници на Република Северна Македонија - Скопје, бр. 2001-3291/2 од 30.07.2024 година, констатирано е дека предметниот проектен опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничка пруга, на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на институцијата.

Со писмен допис бр. 03-97/3 од 15.07.2024 година и 03-97/8 од 16.08.2024 година, побарани се податоци и информации од Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за природа и добиен е повратен одговор бр. 11-5721/4 од 26.09.2024 година, во кој е констатирано дека просторот на предметната локација се наоѓа надвор од границите на заштитените подрачја, идентификувани Емералд и НАТУРА 2000 подрачја.

Урбанистичкиот проект со доследна примена на актуелната законска и подзаконска регулатива, треба да предложи развој што ќе овозможи подобар степен на искористеност на градежното земјиште и можност за планирање на просторот (организација, уредување и изградба на објекти).

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1 - Производство на енергија и тешка загадувачка индустрија (Г1.4 - Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, Општина Градско, зафаќа површина од 10.2 ха и неговата местоположба е ограничена на површината на катастарските парцели на дел од КП 55/1 и дел од КП 54/2, КО Згрополци, општина Градско. Дел од предметниот проектен опфат во површина од сса 10,1 ха е разработен врз основа на Условите за планирање на просторот бр. Y18624, за кои е издадено Решение бр. УП1-15

1404/2024 година, додека останатиот дел во површина од сса 0,1 ха, е разработен врз основа на Условите за планирање на просторот бр. Y41023 за кои е издадено Решение бр. УП1-15 2476/2023 година издадени за изработка на Урбанистички план вон населено место Згрополци, за мултинаменски стопански комплекс во м.в. Тркало, КО Згрополци. Двата дела се интегрална целина на проектниот опфат, предмет на разработка на овој урбанистички проект. Северната граница на проектниот опфат е дефинирана од државниот пат Р1102, делница Скопје-Катланово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија, секција Велес-Градско, клучка Згрополци, врз основа на Одлуката за категоризација на државните патишта („Сл. Весник на РМ" бр. 133/11, 150/11, 20/12, 107/13, 17/14, 190/14) од каде е планиран соодветен сообраќаен приклучок на ново-формираната градежна парцела.

Основна цел на оваа планска документација е преку:

- рационално уредување и искористување на просторот;
- подигнување на хуманоста во просторот и надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет;
- оддржлив развој;
- заштита и унапредување на животната средина и природата;
- заштита на недвижното културно наследство;
- заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки катастрофи и хаварии (заштита и спасување);
- јавност во постапката за донесување и спроведување на плановите;
- вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето и
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето и уредувањето на просторот и

да се дефинираат архитектонско-урбанистичките параметри за реализиција на планираните градби на планираната градежна парцела, да се дефинира основната класа на намена, како и начините на употреба на земјиштето, а согласно актуелната позитивна законска легислатива од областа на урбанистичкото планирање.

Согласно тоа, во рамки на предметниот проектен опфат со површина од 102052 м$^2$ (10,21 ха), формирана е една градежна парцела од дел од КП 55/1 и дел од КП 54/2, КО Згрополци, Општина Градско, со вкупна површина од 86232 м$^2$ (8,62 ха). Во рамките на оваа градежна парцела, предвидена е утврдена површина за градба која изнесува 75109 м (7.51 ха), со вкупна развиена површина од 431158 м. Проектираната максималната површина за градба со овој убранистички проект во рамки на утврдениот простор за градење изнесува 16859 м$^2$ (со надстрешници 19009 м$^2$), додека развиената површина изнесува 118610 м$^2$ (со надстрешници 120760 м$^2$). Поради значењето на овој простор, можностите за порационална искористеност на земјиштето, предвидена е катност која соодветствува со урбаната матрица, уличните фронтови и местоположбата на локалитетот, а се во склад со Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Земено предвид дека станува збор за објект со намена тешка градежна

индустрија и производство на неметали, максималната планирана висина на градбите е дефинирана на 55,0 м, а соодветно имајќи ја во предвид специфичноста на намената, катноста е дефинирана согласно проектната документација.

Со Урбанистичкиот проект се дефинира и основната класата на намена на градежното земјиште и градбите. Основната класа на намена е дефинирана во согласност со Условите за планирање на просторот, а согласно Просторниот план на Република Македонија, во чиј што спаѓа предметниот проектен опфат за кој се изработува овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1 - Производство на енергија и тешка загадувачка индустрија (Г1.4 - Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, општина Градско, со тех. бр. Y18624 од јули 2024 година (изработени од Агенцијата за планирање на просторот), заедно со Решение за услови за планирање бр. УП1-15 1404/2024 од 22.07.2024 година, како и согласно Член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и намената е утврдена како:

- Г - Рударство, енергетика, индустрија:

Г1.4 - Тешка градежна индустрија и производство на неметали: циглани, ќерамидници, гипсари, цементари, производство на керамика и други неметали, производи од азбест, преработка на дрво, целулоза и хартија.

Со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1 - Производство на енергија и тешка загадувачка индустрија (Г1.4 - Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, Општина Градско, дефинирани се архитектонско-урбанистичките параметри за изградба на градби со намена Г1.4 - Тешка градежна индустрија и производство на неметали: циглани, ќерамидници, гипсари, цементари, производство на керамика и други неметали, производи од азбест, преработка на дрво, целулоза и хартија.

Во рамките на проектниот опфат, предмет на овој Урбанистички проект, а согласно член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) се предвидуваат комплементарни класи на намена, и тоа: Складишта, Администрација и Помошни инсталации.

Во рамките на оваа градежна парцела, предвидена е максимална утврдена површина за градба која изнесува 75109 м, со вкупна изградена површина од 431158 м. Проектираната максималната површина за градба со овој убранистички проект во рамки на утврдениот простор за градење изнесува 16859 $м^2$ (со надстрешници 19009 $м^2$), додека развиената површина изнесува 118610 $м^2$ (со надстрешници 120760 $м^2$), како и градби кои се дел од вградена инфраструктура, подземна комунална супраструктура и урбана опрема, дистрибуирана на следниот начин:

- градба 1 - административен објект (Анекс А), со површина од 777 $м^2$, со максималната височина на завршниот венец од 8.00 м;
- градба 2 - пакување во вреќи (Анекс В), со површина од 3457 $м^2$, со максимална висина на венец од 36.00 м;

- градба 3 - производство (Анекс C), со површина од 8434 м$^2$, со максимална висина на венец од 51.00 м;
- градба 3а - надстрешница, со површина од 105 м$^2$, со максимална висина на венец од 6.00 м;
- градба 3б - надстрешница, со површина од 138 м$^2$, со максимална висина на венец од 6.00 м;
- градба 3в - надземна подвижна лента, со површина од 389 м$^2$, со максимална висина на венец од 6.00 м;
- градба 3г - надземна подвижна лента, со површина од 165 м$^2$, со максимална висина на венец од 6.00 м;
- градба 4 - склад за тврдо гориво (Анекс D), со површина од 98 м$^2$, со максимална висина на венец од 10.00м;
- градба 5 - склад за мазива (Анекс E), со површина од 727 м$^2$, со максимална висина на венец од 14.00 м;
- градба 6 - склад за NOx (Анекс F), со површина од 401 м$^2$, со максимална висина на венец од 13.00 м;
- градба 7 - истовар на суровина (Анекс G), со површина од 434 м$^2$, со максимална висина на венец од 14.00 м;
- градба 8 - трафостаница (Анекс H), со површина од 284 м$^2$, со максимална висина на венец од 5.00 м;
- градба 9 - гаража (Анекс I), со површина од 869 м$^2$, со максимална висина на венец од 10.00 м;
- градба 9а - надстрешница, со површина од 265 м$^2$, со максимална висина на венец од 5.00 м;
- градба 10 - Боксови за гасни цилиндри (Анекс L), со површина од 96 м$^2$, со максимална висина на венец од 5.00 м;
- градба 11 - портирница, со површина од 36 м$^2$, со максимална висина на венец од 5.00 м;
- градба 11а - надстрешница, со површина од 132 м$^2$, со максимална висина на венец од 5.00 м;
- градба 12 - надстрешница над паркинг простор (ПМ 1-21), со површина од 379 м$^2$, со максимална висина на венец од 5.00 м;
- градба 13 - надстрешница над паркинг простор (ПМ 22-45), со површина од 402 м$^2$, со максимална висина на венец од 5.00м;
- градба 14 - надстрешница над паркинг простор (ПМ 60-69), со површина од 175 м$^2$, со максимална висина на венец од 5.00 м;
- градба 15 - резервоар за ПП заштита, со површина од 50 м$^2$;
- градба 16 - резервоар за санитарни потреби, со површина од 19 м$^2$;
- градба 17 - бунарска шахта, со површина од 6 м$^2$;
- градба 18а - маслофаќач, со површина од 3 м$^2$;
- градба 18б - маслофаќач, со површина од 3 м$^2$;
- градба 18в - маслофаќач, со површина од 3 м$^2$;
- градба 18г - маслофаќач, со површина од 3 м$^2$;
- градба 18д - маслофаќач, со површина од 3 м$^2$;

- градба 18ѓ - маслофаќач, со површина од 3 $м^2$;
- градба 18е - маслофаќач, со површина од 3 $м^2$;
- градба 18ж - маслофаќач, со површина од 3 $м^2$;
- градба 18з - маслофаќач, со површина од 3 $м^2$;
- градба 18ѕ - маслофаќач, со површина од 3 $м^2$;
- градба 19 - маслофаќач, со површина од 225 $м^2$;
- градба 20 - попивателна јама, со површина од 2 $м^2$;
- градба 21 - пречистителна станица, со површина од 9 $м^2$;
- градба 22 - реципиент на отпадни води, со површина од 900 $м^2$.

Со предметниот урбанистички проект процентот на изграденост на утврдената градба е ограничен на 50.00%, додека остварениот процент во рамки на утврдената градба изнесува 19.55%.

Со предметниот урбанистички проект коефициентот на искористеност на земјиштето за утвредената градба изнесува 5.00, додека остварениот коефициент изнесува 1.38.

Со овој урбанистички проект се планира соодветен сообраќаен приклучок на новоформираната градежна парцела. Пристапот се планира од постојните влезно/излезните рампи на државен пат Р1102, делница Скопје-Катланово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија, секција Велес-Градско, клучка Згрополци, врз основа на Одлуката за категоризација на државните патишта („Сл. Весник на РМ" бр. 133/11, 150/11, 20/12, 107/13, 17/14 и 190/14). Со урбанистичкиот проект се овозможува проектно решение со кое приклучокот од регионалниот пат ќе продолжи кон атар на селото / населеното место.

Со оглед на наведената категорија на државниот пат - Регионален пат, потребно е да се предвидат сообраќајно-техничките елементи во зависност од димензиите на меродавните возила за проектирање дефинирани во нормативите и стандардите за проектирање на објекти и тоа:

- Лесни патнички возила со димензии:

4,70 x 1,75 (м) и со радиус на свртување Рс = 5,80 (м),

- Тешки товарни возила со димензии:

16,5 x 2,50 (м) и со радиус на свртување Рс = 12,00 (м).

Сообраќајно-техничките елементи димензионирани се согласно меродавните возила за проектирање дефинирани во нормативите и стандардите за проектирање на објекти, додека на предметната крстосница се:

- Радиус 12.5м
- Радиус 30.0м
- Сообраќајни острова, ширина на коловоз мин 5.5м
- Еднонасочни коловозни ленти мин 4.0м
- Двонасочни коловозни ленти мин 5.5м.

Сообраќајниот приклучок, ќе биде планиран согласно Идејното сообраќајно решение со техн. бр. 297-П/2/2023 од Јуни 2024 година, изработено од 24 ИНГ ДООЕЛ Битола, за кое ЈП за Државни Патишта се произнело со позитивно мислење, бр. 10-6577/2 од 13.06.2024 година.

Внатрешниот динамичен и стационарен сообраќај се планира во рамките на планираната градежна парцела. Обезбедувањето на соодветен број на паркинг места е основен услов за изградба на максимално дозволената височина и површина за градба, а согласно член 59 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Со предметниот урбанистички проект, потребниот број на паркинг места се утврдува согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Од тука се применува стандардот: Г2 - Лесна индустрија: Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај - службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата - да се обезбедат во рамки на градежната парцела.

Со предметниот урбанистички проект обезбедени се вкупно 69 паркинг места за автомобили од кои 2 паркинг места за лица со инвалидитет.

Водоводната мрежа во рамките на парцелата е предвидена да се изведе со локална мрежа од цевки Ф80 до поединечните објекти (анкеси) со главна водомерна шахта поставена во непосредна близина на интервентен влез. Во рамките на парцелата е предвиден и резервоар за санитарна вода и една бунарска шахта. Доводот до водомерната шахта да не биде помал од Ф110. Поединечните објекти (анекси) и самиот производен процес немаат значителни побарувања за снабдување со вода, претежно за санитарни потреби, бидејќи предвидениот производен процес е од т.н. сув тип.

Резервоарот за санитарни потреби ќе биде од монтажен тип, поставен на армирано-бетонска плоча и од него со помош на пумпи ќе биде обезбедена гранкаста водоводна мрежа со која ќе се доведе вода до секој од објектите.

Во рамките на парцелата е предвидено да се постави локална мрежа за ПП заштита до и околу поединечните објекти (анекси) со што е предвиден и резервоар за ПП заштита. Димензионирањето на пресекот и протокот на цевната мрежа ќе се изврши во основниот проект. Околу објектите е предвидено и поставување на мрежа на подземни хидранти на растојание помало од 80 м. Резервоарот за противпожарна заштита ќе биде армирано-бетонски објект, кој ќе биде димензиониран да ја покрива целата количина на вода за гаснење на пожар со истовремено користење на 2 хидранти од по 5 л/с, односно: 2*5л/с=10л/с со времетраење на 2 часа, со што волуменот на резервоарот би изнесувал 2*60*60*10= 72 $м^3$.

Од резервоарот директно со помош на пумпи ќе биде обезбедена хидрантска противпожарна мрежа со дијаметар ДН110мм, во форма на прстен со кој ќе се обезбеди циркулација на водата, на кој прстен ќе бидат

поставени самите против пожарни хидранти. Од истата мрежа ќе се спроведе и инсталација за поставување на противпожарни хидранти и во објектите.

Со помош на пумпите ќе се обезбеди и соодветниот притисок од 2,5 бари во најкритичниот хидрант.

Дополнителна разработка на планираната надворешна и внатрешна водоводна мрежа ќе се доработи согласно важечките технички стандарди и нормативи за ваков вид на инфраструктура, која ќе биде предмет на понатамошна разработка со Основен проект.

Со предметниот урбанистички проект, во рамките на парцелата е предвидено да се постави локална фекална канализациона мрежа. Истата е предвидена како периметрално решение околу поединечните објекти (анекси) и со што се овозможува поврзување и одведување на фекалните води до локална пречистителна станица во рамките на парцелата.

Димензионирањето на пресекот, протокот и падот на идната фекална канализациона мрежа во рамките на парцелата е предвидено да се изврши со основниот проект, но истата да не биде со помал пресек од Ф300.

Исто така, во рамките на парцелата е предвидено да се постави реципиент за отпадни води. Неговото димензионирање, капацитет и начин на приклучување ќе се одреди со основен проект.

Дополнителна разработка на планираната надворешна и внатрешна фекална мрежа ќе се доработи согласно важечките технички стандарди и нормативи за ваков вид на инфраструктура, која ќе биде предмет на понатамошна разработка со Основен проект.

Во рамките на парцелата е предвидено да се постави локална атмосферска канализациона мрежа. Истата е предвидена како периметрално решение околу поединечните објекти (анекси) и со што се овозможува одводнување на атмосферските води од кровните површини и од околната патна инфраструктура со помош на сливни решетки. Согласно поставеноста на планираната идна атмоферска мрежа се предвидени и маслофаќачи пред атмосферските води да се одведат до попивателен бунар. Сите цевки од атмосферската канализација се со усвоен дијаметар во согласност со условот за минимален дијаметар за надворешна канализација, односно Ф300.

Дополнителна разработка на планираната надворешна и внатрешна атмосферска мрежа ќе се доработи согласно важечките технички стандарди и нормативи за ваков вид на инфраструктура, која ќе биде предмет на понатамошна разработка со Основен проект.

Согласно податоците и информациите добиени од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, бр. 10-23/6-276 од 22.08.2024 година, наведено е дека во рамки на предметниот проектниот опфат има постојна инфраструктура, и тоа:

- постоен 10(20)кВ столб;
- постојна 10(20)кВ надземна мрежа.

Согласно известување од АД МЕПСО, бр. 11-4782/1 од 17.07.2024 година, наведено е дека предметниот проектен опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Согласно известувањето од АД Електрани на Северна Македонија-Скопје, бр. 08-4557/1 од 23.07.2024 година, наведено е дека во близина на предметниот проектен опфат согласно Префизибилити студијата за Вардарска долина, изработена од 2017 година, се планирни идните локации на ХЕЦ Згрополци 1, ХЕЦ Згрополци 2 и ХЕЦ Градско 1.

Согласно Условите за планирање на просторот бр. S18624, за кои е издадено Решение бр. УП1-15 1404/2024 година предметниот опфат нема конфликт со постојните и планирани преносни и конективни водови. Така постојниот 110 кВ далноводот Велес - ХИВ минува на 52 м северно од предметната локација.

Пресметка за потребна електрична енергија:

Г - Рударство, енергетика, индустрија

- Г1.4 - Тешка градежна индустрија и производство на неметали: циглани, ќерамидници, гипсари, цементари, производство на керамика и други неметали, производи од азбест, преработка на дрво, целулоза и хартија.

Вкупна површина: 120760 = 12,08 ха.

Заштитата од атмосферски празнења е предвидено да се врши со раностартувачки уреди - провектрон, поставени на највисоките точки на новопредвидените објекти.

Дополнителна разработка на планираната надворешна и внатрешна електро-енергетска инфаструктура ќе се доработи согласно важечките технички стандарди и нормативи за ваков вид на инфраструктура, која ќе биде предмет на понатамошна разработка со Основен проект.

Согласно податоците и информациите добиени од Македонски Телеком АД-Скопје, бр. 63634 од 15.07.2024 година, во границите на проектниот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Согласно податоците и информациите добиени од Агенција за електронски комуникации, бр. 1404-2368/3 од 17.09.2024 година, на посочената локација институцијата нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Согласно податоците и информациите добиени од А1 Македонија ДООЕЛ Скопје бр. 11-4495/1 од 16.07.2024 година, во предметното подрачје претпријатието има постојни подземни инсталации, и тоа:

- подземен кабел;
- оптички кабел;
- ров.

Согласно податоците и информациите добиени од Одделот за информатика и телекомуникации, Сектор за телекомуникации при Министерство за внатрешни работи бр. 11.2.83000/2 од 05.09.2024 година и бр. 11.2.91974/2 од 05.09.2024 година, на посочената локација постојат инсталации во надлежност на министерството.

Во рамките на парцелата е предвидено да се постави локална телекомуникациска инфраструктурна мрежа. Истата е предвидена како периметрално и мрежно решение околу поединечните објекти (анекси) и со што се овозможува поврзување преку разводни мрежни ормари.

Одредувањето на типот, видот и протокот на податоци на телекомуникациската мрежа ќе се изврши при изработка на основниот проект.

Исто така, во рамките на парцелата пердвидено е да се постави мрежа од IP CCTV камери со цел да се овозможи покриеност со видео надзор. CCTV системот да се поврзе во рамките на новопредвидената телекомуникациска мрежа. Во рамките на парцелата е предвидено да се постави и локална мрежа за улично и дворно осветлување со ЛЕД светилки, контролирани преку форел.

Дополнителна разработка на планираната надворешна и внатрешна телекомуникациска инфаструктура ќе се доработи согласно важечките технички стандарди и нормативи за ваков вид на инфраструктура, која ќе биде предмет на понатамошна разработка со Основен проект.

Со предметната планска документација не е планирана изградба на гасоводна инфраструктурна мрежа.

Со предметната планска документнација не е планирана изградба на водостопанска инфраструктура.

Процентот на озеленетост во рамките на ново-формираната градежна парцела е планирано да изнесува 20%, согласно Законот за урбано зеленило („Сл. Весник на РМ" бр. 11/18 и 42/20), предвидено е да се обезбеди најмалку 20% зеленило на ниво на терен, а зеленило под кое нема градба. Со предметниот урбанистичи проект, обезбедени се 48,96% зеленило во рамки на градежната парцела.

Пешачките површини предвидено е да се поплочат со плочки за надворешна употреба, додека манипулативното плато и самите влезни партии со травертин како завршна обработка.

При изборот на вегетација да се даде приоритет на видовите со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи во воздухот и почвата.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува:

- Селектирано и организирано депонирање на отпадот во депонија;
- Зачувување на амбиенталните и естетските потенцијали на просторот;
- Изградба на современа инфраструктура;
- Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација, како и да ја стави во функција животната средина во состојба како пред оштетувањето;
- Спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство;
- Доследно спроведување на планот.

Во поглед на озеленувањето, да се планираат соодветни профили на дрвореди покрај објектите. Изборот на зеленило треба да се усогласи со условите за заштита и негова намена. Диспозицијата на високите дрвја да биде усогласена со трасите на подземните инсталации, додека изборот на видот на озеленувањето да биде во согласност со условите во работната средина, односно способноста на повеќе апсорпција на штетни гасови и кои

немаат посебен третман за одржување. Согласно Законот за урбано зеленило, процентуалната застапеност на зелената површина да се дефинира со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање зависно од локацијата, намената и големината на градежната парцела.

Зеленилото во околината има повеќе функции: обезбедување на чист воздух, регулација на хидролошкиот циклус, застапеност на биолошката разновидност, регулирање на микроклиматските услови, како бариера од бучава, естетска улога, психолошка, социјална, но и спортско-рекреативна улога. Сите овие и уште многу други функции на зелените површини не е можно да бидат заменети од друг фактор. Зеленилото има позитивно влијание врз концентрациите на загадувачките материи бидејќи делумно се елиминираат или пак целосно се неутрализираат. Исто така, зеленилото ја намалува температурата бидејќи дрвјата обезбедуваат сенка, а со тоа се овозможува и ладење на површините. Сите овие фактори операторот на инсталацијата треба да ги земе во предвид при што се очекува намалување на прашината и евентуалната бучава што би произлегла од работата на инсталацијата како и од користењето на пристапните и локалните патишта по кои се движат камионите.

Оваа инсталација треба да претставува најнова технологија со приближно 100% заштита на животната средина во однос на сите емисии во животната средина. При проектирањето на истата треба да се превземат и применат НДТ се со цел зачувување на животната средина. Оваа инсталација ќе биде со следните карактеристики:

- Без оглед на близината за снабдување со суровини пристапните патишта во сувите, сончеви и ветровити периоди треба редовно (повеќе пати во текот на денот) да се прскаат со вода со помош на цистерна;
- Суровините да се складираат во т.н. боксови за различна гранулација и при ветровито време треба да се прскаат со вода за да се спречи фугитивна емисија и целосно искористување на суровините каде загубата е сведена на минимум. Транспортот на суровините до мешалката да се изведува низ транспортни ленти кои се покриени, така што фугитивните емисии се сведени на минимум. Прскање на работните површини и куповите материјал, особено во сушните месеци со вода, за редукција на фугитивните емисии на прашина;
- Со цел намалување на емисијата на прашина треба превентивна мерка влажнење на валците по пат на распрскување на вода како и со повремено прскање (квасење на подот) со вода и миење на целата инсталација по завршување со работата со што се овозможува намалување на емитираното количество на прашина;
- Затворено складирање, ракување и пренос на суровини (да се користат целосно покриени транспортни ленти поврзани на соодветни постројки за намалување на емисиите);
- Точките на транспортните ленти треба да бидат сведени на минимум и треба да бидат така дизајнирани да има минимален слободен пад, да

бидат целосно затворени и поврзани со соодветна посторјка за задржување;

- Задолжително селектирање на отпадот (стари акумулатори, искористено масло, метални делови, доколку се врши сервис на локацијата), потоа неопасен отпад и отпад од пакување, кои ќе се предаваат на правни лица со дозволи за транспорт/собирање/складирање на секундарни суровини;
- Цврстиот отпад кој ќе се генерира да се селектира и складира на одредени места во обележани садови за таа намена се до нивно превземање;
- Употребата на суровинските материјали кои што имаат ниска содржина на сулфурни оксиди може во голема мера да ги намали емисиите на NOx;
- Во случај да се употребуваат суровини со голема концентрација на сулфур, се користи додавање на адитиви кои што имаат својство да извршат намалување на количеството на содржан сулфур во суровината (на пример, песокот) или пак кај сулфурните глини емисиите на NOx се намалуваат преку ефектот на растворање;
- Употребата на горива кои што имаат ниска содржина на сулфур, како што е природниот гас или пак втечнетиот петролеум, резултираат во намалени емисии на NOx;
- Со минимизирање на азотните компоненти во суровинските материјали и адитивите може да дојде до намалување на NOx емисиите;
- Да се предвиди како периметрално решение околу поединечните објекти (анекси) и со што ќе се овозможува одводнување на атмосферските води од кровните површини и од околната патна инфраструктура со помош на сливни решетки. Согласно поставеноста на планираната идна атмоферска мрежа се предвидени и маслофаќачи пред атмосферските води да се одведат до попивателен бунар;
- Фекалната канализациона мрежа да се предвиди како периметрално решение околу поединечните објекти (анекси) и со што се овозможува поврзување и одведување на фекалните води до локална пречистителна станица во рамките на парцелата;
- Сите постројки да бидат сместени во затворени објекти при што ќе се намалува нивото на бучавата во околината.

Треба да се земе во предвид и анализата на алтернативи од која се прави аспект за избор на најдобро решение за намена на локацијата заедно со нејзината економска оправданост, идеен развој, финансиски можности и заштита на животната средина.

Кога станува збор за мониторинг за животната средина се дава можност за испитување, оценување и системско набљудување на загадувањето и состојбата на медиумите во животната средина како и идентификација и регистрација на изворите на загадување. Планот на мониторингот претставува алка помеѓу сите вклучени страни и претставува

основа за надлежните институции во кој ќе го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат одлуки.

Најголем бенефит во спроведувањето на стратегиската оцена на животната средина е во вклучување на аспектите од полето на социјалата, економијата и животната средина, меѓусебната соработка, развој на регионалните цели и целите за одржлив развој и заштита на животната средина и луѓето.

# 11. Прилози

***Листа на национална законска регулатива***

1. Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22);
2. Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 74/05);
3. Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапката за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ" бр. 153/07);
4. Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 153/07);
5. Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ" бр. 144/07);
6. Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 147/08);
7. Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18 и 32/20);
8. Законот за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ" бр. 100/12-пречистен текст, 10/15 и 146/15);
9. Правилник за критериумите, методите и постапките за оценување на квалитетот на амбиенталниот воздух („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04);
10. Закон за водите („Сл. Весник на РМ" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 151/21);
11. Уредба за класификација на водите („Сл. Весник на РМ" бр. 18/99);
12. Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води („Сл. Весник на РМ" бр. 18/99 и 71/99);
13. Уредба за класификација на водите („Сл. Весник на РМ" бр. 18/99);
14. Закон за отпад („Сл. Весник на РСМ" бр. 216/21);
15. Листа на отпади („Сл. Весник на РМ" бр. 100/05);
16. Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 121/21);
17. Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава („Сл. Весник на РМ" бр. 64/93);

18. Закон за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19);
19. Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ” бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 63/16 и 113/18) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 121/21);
20. Закон за безбедност и здравје при работа („Сл. Весник на РМ” бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15, 30/16 и 27/18).

***Листа на релевантни ЕУ директиви***

Директиви на ЕУ ипфатени во Национална стратегија за апроксимација во животната средина (2008). Релевантни се и нивните измени и дополнувања:

1. Рамковна директива за отпад (2006/12/EC)
2. Рамковна директива за квалитет на амбиентен воздух (96/62/EC), дополнета со Регулативата (EC) 1882/2003
3. Рамковна Директива за вода (2006/60/EC) дополнета со Одлуката 2455/2001/EC
4. Директива за вода за пиење (98/83/EC) дополнета со Регулативата (EC) 1882/2003
5. Директива за испуштање на опасни супстанции во водите (76/464/EEC) дополнета со Директивата (91/692/EEC и 2000/60/EC) е биде отповикана со Рамковната директива за води (2000/60/EC) од 22.12.2007, освен член 6, кој беше отповикан на 22.12.2000.
6. Директива за мерење на квалитетот на водата за пиење (79/869/EEC) дополнета со Директивите 81/855/EEC, 91/692/EEC, и Регулативата (EC) 807/2003 ќе биде отповикана со Рамковната директива за води (2000/60/EC) од 22.12.2007)
7. Директива за Стратешка оцена на животна средина (2001/42/EC)
8. Директива за пристап на информации за животната средина (2003/4/EC)

# Додаток

Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт и врски, на ден 04.10.2024 година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1-Производство на енергија и тешка загадувачка индустрија (Г1.4-Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, општина Градско потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1-Производство на енергија и тешка загадувачка индустрија (Г1.4-Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, општина Градско се определуваат следните: општина Градско, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за здравство и др.

3. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1-Производство на енергија и тешка загадувачка индустрија (Г1.4-Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, општина Градско, за чија изработка е одговорно Тајфа Архитекти од Куманово, а го донесува Министерство за транспорт и врски, донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1-Производство на енергија и тешка загадувачка индустрија (Г1.4-Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, општина Градско ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание по однос на создавање на отпад, влијание врз амбиенталниот воздух, влијание врз амбиенталниот воздух, влијание врз демографијата, влијание врз стопански развој, влијание здравјето на луѓето, социјални и финансиски влијанија и влијание од несреќи и хаварии и др.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски на следната веб адреса/и: www.mtc.gov.mk

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Министер
Александар Николоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ · SHKUP

Бр. 67-1832/7
Датум: 04.10.2024
Место: Скопје

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

